# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Второто продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија одржана на 26 мај 2004 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 62-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Нелко Стојаноски, Благој Голомеов, Лилјана Ивановска, Ангелка Пеева Лауренчич, Тасим Сулејманоски, Ванчо Ѓеоргиев, Али Ахмети, Теута Арифи, Талат Џафери, Хусеин Џеват Хусеини, Фазли Велиу, Стојан Андов, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Љубе Бошковски, Слободан Чашуле, Ганка Самоилова Цветановска, Сашко Кедев, Љубисав Иванов - Ѕинго, Орданчо Тасев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Вчера го завршивме претресот за донесување на закон. Треба да пристапиме кон гласање за заклучоците.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеницив о салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, 56 за заклучокот, 1 воздржан и тројца пратеници гласале против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 57 за, нема воздржан, 7 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 7 став 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 28 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Џевдет Насуфи и Замир Дика поднесоа амандман за менување на член 26, за менување на член 43 и на член 46 за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Роза Топузова - Каревска, Каме Петров, Јанаќе Витановски, Елеонора Петрова - Митевска, Славица Грковска, Рафиз Алити, и Зоран Томиќ поднесоа амандман на член 28 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Јанаќе Витановски, Елеонора Петрова - Митевска, Славица Грковска, Силвана Бонева, Теута Арифи, Ејуп Рустеми, Абдулаќим Адеми, Талат Џафери, Лилјана Поповска, Ристана Лалчевска, Неждет Мустафа и Исмет Рамадани, поднесоа амандман на член 18 во новиот член 15-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Крањевски поднесе амандмани на член 10, став 3, и за додавање нов член 57-а по членот 57, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марија Којзеклиска поднесе амандмани на член 14 за додавање нов став 3, по ставот 2, на член 15, во новиот член 12-а, член 21 во новиот член 17-а, за бришење на став 2, на член 27 за менување на став 3 и за додавање нов став 4, по ставот 3 и на член 29 на ставовите 2, 3 и 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева, поднесе амандмани на член 4 на ставовите 1 и 5, член 8, за додавање нов став по ставот 3, на член 9 за додавање нов став 2, по ставот 1 и на член 11 во новиот член 10-б, за бришење на ставот 6, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски, поднесе амандман на член 16 за бришење на став 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Коце Трајановски, поднесе амандмани на член 57 став 1, алинеја 4 и 5 и на член 52 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Блаже Стојановски, поднесе амандмани на член 45 во новиот член 43 - б, став 5, на член 47 став 2, и на член 49 во новиот член 52-в, став 6, член 46 за додавање 4 нови става пред воведната реченица, на член 46 за бришење на став 3 и 4, член 39 алинеја 5 и за додавање нова алинеја 6 и на член 31 во новиот член 29-а, за бришење на став 3, по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија, поднесе амандмани на член 4, став 1 и 5, за менување на ставот 2, со три нови става, за менување на став 7, за додавање нов став по ставот 7 и на став 8 и за менување на редоследот на ставовите член 9 став 2, член 10 став 3, член 12 став 3, член 14 став 1 точка 7. Член 15 во новиот член 12-а, за додавање нов став 2 по ставот 1, член 16 став 1, за менување на член 23, член 25 на ставовите 1 и 4 и за додавање нов став 3 по став 2, и на став 5. Член 28 став 1, член 39 алинеја 2, член 45 во новиот член 43-б, став 2 и 3, член 46 став 3, за менување на новиот став 13 на член 45, за додавање нов член 46-а, по членот 46, член 49 во новиот член 52-б став 2, член 49 во новиот член 52-в, став 1, и член 50 став 1, член 52 став 2, член 53 став 1, член 55 став 3, член 56 став 2, член 59 став 3, член 73 во новиот член 76-е, став 1 и 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 16 став 2, и за бришење на член 74 со кои не се согласил претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број пратеници во салата.

Во салата се присутни 68 пратеници.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Нема потреба да се гласа по амандманот бидејќи е прифатен од Законодавно-правната комисија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во салата се присутни 68 пратеници.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 53 пратеници, 6 пратеници гласале за, нема воздржани, 47 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 26 поднесен од пратениците Џевдет Насуфи и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам, г-дине претседател,

Јас со жалост ќе констатирам дека сум очекувал министерот кој што пред се во Владата е за да ги заштити интересите на албанската заедница, меѓутоа, истовремено поодлучно да го заштити и да го имплементира Охридскиот договор, во оваа прилика го прави токму спротивното. За жал, јас и во дискусијата нагласив и сега повторно ќе повторам, амандманот 26 е во однос на листата на кандидатите која што на албански јазик не треба да се објави само во местата, или во општините каде што составот на населението е 20%, туку во сите заедници каде што живеат албанци, затоа што јавно ќе го запрашам министерот, како беше изборот на употреба на албанскиот јазик во практиката во Македонија пред да се усвои Охридскиот договор или едноставно речено, пред да го измениме Уставот, или пред да се усвои амандманот 5. Всушност и сега не се прави никаква измена. Зошто не се прави никаква измена? Затоа што ние и пред Уставот едноставно речено и пред да го усвоиме Охридскиот договор во Законот за локална самоуправа пишуваше дека на местата каде во количина, во значително количество живеат етничките заедници, може да се спроведува албанскиот јазик, да се употребува. Сега која е

разликата меѓу тоа време и ова време во кое што сега го усвојуваме значи овој закон. Јавно го прашувам министерот да се произнесе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 68 пратеници, вкупно гласале 55 пратеници, 6 пратеници гласале за, 4 воздржани, 45 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Му се извинувам на г-динот Шапуриќ, вториот амандман случајно го прескокнав, затоа се враќаме по редоследот на Вашиот втор амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Со оглед на тоа дека е прифатен, односно е составен дел на текстот на Законот, амандманот од Законодавно-правната комисија, овој амандман станува без предметен.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Со оглед на тоа што министерот, истиот амандман кој што го поднесов јас, имено овој амандман предвидува скратување на изборната кампања од 30 на 20 дена и мислам дека е добро што министерот го прифати, не е битно дали е мојот амандман, или амандманот на ЗПК, во секој случај суштината е иста. И од овие причини, бидејќи дефакто е прифатено ова што се нуди во мојот амандман, амандманот го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 43 поднесен од пратениците Џевдет Насуфи и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас мислам дека не прифаќањето и на овој амандман во суштина е продолжение на една агонија која продолжуваме да ја работиме со албанскиот јазик во нашата пракса во Македонија. И мислам дека ова не треба да го разберете само како една декларација, една рутинска изјава на опозицијата, но ова треба да го разбереме како една сериозна забелешка. Бидејќи употребата, и заобиколувањето на албанскиот јазик продолжува со процесот на нерамноправноста на албанците во Македонија и мислам дека на никој не ни оди од полза ниту најмалку сега на министерот кој го презентира законот и Владата што на достоен начин да не го спроведуваме Охридскиот договор. Моето инсистирање за тоа да се направи разликата меѓу минатото и тоа што се случи по војната во линијата на спроведувањето на албанскиот јазик, значи треба да се даде образложение, бидејќи локалната власт е локална власт, каде што се употребува јазикот како посебен сегмент, додека употребата на албанскиот јазик како службен јазик на ниво на земјава, не може да се распарчува вака како што го распарчува сега Владата со овој закон. Затоа ние предлагаме да се подобри овој член, односно членот 43 кој е во однос со јавниот повик за гласање. Ве молам за разбирање и до пратениците за да го усвоиме овој член, во суштина овој амандман кој што сме го предложиле.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам, г-дине претседател,

Иако и претходно сакав да говорам за првиот амандман, меѓутоа, начелата се начела, принципите се принципи и јас се повлеков.

Имам само некоку зборови за претходниот амандман и за овој што е предложен од колегите Насуфи и другите колеги.

Лично сум го анализирал и текстот  на законот, меѓутоа, и амандманите, фактички има измена. Меѓутоа, општо овде сакам да кажам дека тоа што е предложено во текстот е во потполна хармонија и согласност како со законските акти, така и со Уставните норми, едноставно со амандманот 5, кој што зборува за употреба на јазици, службени јазици, на македонскиот и на другите во Македонија.

Јас сум го анализирал и членот 9 од локална самоуправа каде што се говори за употреба на јазици како на македонскиот така и на албанскиот јазик на ниво на локална самоуправа, сум го анализирал и членот 8 од Законот за локални избори каде што се вели за изборните органи. И, не случајно во овој член како изборни органи се Комисијата и изборните совети. Анализирајќи го текстот на Законот, или едноставно речено употребата на јазикот во рамките на овие два органи и тоа што е

предвидено во текстот на гласањето мислам дека текстот кореспондира и е во потполна согласност со уставната одредба, или амандманот 5 од Уставот и тука немаме никакви дилеми. Едноставно речено се говори за употреба на јазикот на локална самоуправа и токму заради ова членот 90 од Законот за локална самоуправа предвидува тоа што го предвидува. Јас мислам дека тоа што е предвидено во членот 90 од Законот за локална самоуправа не земено туку така, е инкорпорирано во Законот и во одредбите на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Кенан Хасипи:

КЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Иако во принцип ретко коментирам амандмани на колегите, сепак содржината на овој и другите два амандмана на предлагачите заслужуваат коментар. Имено, иако министерот сосема оправдано го одби овој амандман, би сакал да го истакнам следното:

Прво, решението што го нуди законот е во потполна согласност со решенијата во Законот за избор на пратеници и во Законот за избор на претседател на Република Македонија кои консензуално беа прифатени од сите релевантни политички партии вклучително и партијата на која и припаѓаат предлагачите на амандманот како и на оние кои во оваа општа расправа ги напаѓаа ваквите решенија на Владата.

Второ со ваквите решенија се обезбедува изворно информирање на грѓаните на јазикот и писмото што го користат над 20% од нив во таа единица на локална самоуправа се со цел да се обезбеди одзив достоен на земјите со напредната демократија.

Трето, амандманот што е предложен се коси со основните права и слободи на граѓанинот и не е во согласност со ниту еден член на Уставот и законите на Република Македонија .

Четврто, амандманот по својата содржина претставува чекор назад во процесот на демократизација на системот дотолку повеќе што предлагачите во многу свои досегашни настапи во Собранието на Република Македонија се повикуваа на демократијата.

Петто, јас високо ги ценам напорите на предлагачите за унапредување на правата на албанската заедница во Република Македонија, меѓутоа ги потсетувам

дека тие права кои ги посакуваат за себе и за својата заедница, би требале да бидат спремни да им ги дадат и на другите заедници. Тоа е демократија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално побара збор Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Пред се јас сум опозиција и јас не давам права. Права земаш ти, бидејќи ти си позиција г-дине пратениче и треба да ти е јасно што е. А, друго не нормално е да се бори некој против нечии права.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, тоа е реплика, тоа не е процедурално. Во што е прекршен Деловникот? Господинот Хасипи објаснува зошто не треба вашиот амандман да се гласа.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Пред се тоа може да биде и реплика. Деловникот е нарушен, затоа што пратеникот бара јас да му давам права, или опозицијата да му дава права. Тоа нема врска, тоа не држи. Напротив, ние бараме од власта во овој случај во која за жал учествува, односно за среќа можеби пратеникот. Затоа не држи. Во оваа насока мислам дека е нарушен Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Веќе така можевте да почнете од почеток.

Дали некој друг бара зборт? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

И ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 68 пратеници, 54 гласале, 5 пратеници гласале за амандманот 4 воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 за менување на став 2, поднесен од пратениците, Џевдет Насуфи и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Мислам дека г-дине претседателе мислам дека е неопходно и заради некои пратеници кои што се јавија и заради министерот нешто да разјаснам. Амандманот 5, или Рамковниот договор во кој што сум бил јас учесник и знам подобро од нив, го знам духот на тој договор, службен јазик во Македонија, во цела Република и во комуникација со меѓународната заедница е македонскиот јазик. Исто така, службен јазик е и јазикот што го говорат најмалку 20% од населението. Следи сегментација бидејќи во комуникација со власта, со локалната власт ќе се употребува службениот јазик и на заедницата која што има најмалку 20%. Меѓутоа, поставувам прашање на кое што треба да одговори министеот, дали гласањата, изборите било да се локални, или парламентарни, дали се комуникација со локалната заедница, или со локалната власт? Ве молам, директно прашање.

Второ, пред да се усвои Уставот и измените во Законот кој што беше за локална самоуправа, на кој начин се употребуваше албанскиот јазик. Ве Молам, ќе го употребам оригиналниот термин. Значителен број и 20% има разлика меѓу себе, има разлика во нешто дека сега албанскиот јазик е службен јазик. Затоа ова не го земал во предвид г-динот министер, ниту Владата. Тука е дефектот. Овде е недостатокот и затоа сме го предложиле овој амандман. Додека што се однесува на г-динот пратеник, мислам дека е од турската партија, напротив со измена на Уставот, со измена на грбот посветено работеше и не оспоруваше значи вклучување на сите заедници во преамбулата. Затоа ние имаме една разлика. Ние работиме конкретно. Додека г-дата кои што сега се во власта се во функција на власта и сакаат да ја минимизираат оваа наша капитална побарувачка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Насуфи, сега работите спротивно на она за што се залагавте претходно во врска со дискусијата на г-динот Кенан Хасипи. Точно така е затоа што повикувате пратеници, поставувате прашања, а не го објаснувате вашиот амандман.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Претседателе, после пратеникот, ако има реплика, јас после пратеникот би се јавил за да објаснам.

ЉУБЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овде не постојат реплики. Само ако сака г-динот Ќенан Хасипи да објасни зошто не го прифаќа, или ќе го прифати овој амандман.

КЕНАН ХАСИПИ:

Не во својство на реплика. Г-дине претседателе, само јас би сакал конкретно да ги прашам предлагачите, дали сметаат дека листите на кандидати, односно листата на кандидат за градоначалник, јавниот повик, односно плакатите за известување на граѓаните во единиците на локалната самоуправа во која што живеат припадници на другите етнички заедници освен албанската каде што се над 20%, решението што го нуди законот е против уставно. Нека ми одговорат. Во тој правец амандманот ни ги скратува правата, а не во правец на тоа дека се бориме за ова, или за она.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, да не си поставуваме прашања, си има амандман , секој си има свој став, нека го каже ставот за амандманот без поставување на прашања нека се изјасни онака кога ќе дојде време на гласање.

Повелете г-дине министре имате збор.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе,

Би сакал едно објаснување да дадам и покрај тоа што сум свесен дека граѓаните не купуваат магла. Законот на кој што се повикува пратеникот бил донесен пред уставните измени односно пред потпишувањето на Рамковниот договор, а по иницијатива на нивниот коалиционен партнер тие одредби на кои се повикува, а непрецизно ги кажува беа срушени од страна на Уставниот суд на Република Македонија . Во 2001 година по усвојувањето на уставните амандмани употребата на албанскиот јазик како втор службен јазик така како што е зацртано во Рамковниот договор и во амандманот 5 на Уставот на Република Македонија почнува да се вметнува во сите закони кои го тангираат прашањето на јазиците и тоа ги црпи сите вредности од Рамковниот договор до крај и од амандманот 5 на Уставот . Така и овој закон оди чекор напред во тоа што значи употреба на јазиците при спроведување на локалните избори.

Јас ќе се повторам, затоа што во неколкуте мои обраќања пред Собранието ги објаснив во која мера овој закон ги превзема од Уставот одредбите по однос на употребата на јазиците.

Прво, би сакал да нагласам дека за прв пат во Република Македонија од нејзиното осамостојување целиот изборен процес така како што налага Уставот на Република Македонија ќе се спроведе двојазично на тие единици на локалната самоуправа каде што над 20% живеат припадници на другите заедници. Не само

изборниот процес, туку и предлагањето на листите на кандидати и предлагањето на листите на советници ќе биде еднојазично. Тоа никогаш не било. Овие одредби што законот ги нуди се придобивки на тоа што значи Рамковен договор или Охридски договор. Јас само едно свежо потсетување на граѓаните. И покрај тоа што имавме Закон за локална самоуправа кој правеше две градации пред измените на Уставот, се одржаа во 2000-та година локални избори, а на чело на Министерството за правда најповикан орган за донесување на закони, за предлагање на закони и за спроведување на изборите беше токму г-динот Насуфи. Историјата на Република Македонија ќе го запамти него како министер за правда и по однос на употребата на јазиците имавме чисто само на еден јазик спроведување на избори, а уште што е пострашно историјата на оваа држава него ќе го памти како министер за правда каде што во текот на изборите 2000-та година имаше и убиства по гласачки кутии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине министре, ве молам, навистина ако можам на пратениците заради тоа да им го одземам зборот, ќе ви го одземам зборот и на вас. Да бидете коректни, инаку можам и да ве отстранам.

Има збор г-динот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Г-дине претседателе, јас колку што го познавам Деловникот тој што бара процедурално има предност пред оној што сака да земе збор за амандманот. Меѓутоа, во ред. Значи предложивме неколку амандмани што се однесуваат за употребата на јазикот. Жалам што не знам кој пат е овој кога г-динот министер се поставува на позиција на адвокат на Бранко Црвенковски, затоа што како што изгледа не е воопшто албански министер, туку министер на Бранко Црвенковски и на СДСМ шпиун. Зошто ние ги предлагаме овие закони што се во врска со јазикот и г-динот министер и Владата која произлезе од Рамковниот договор изгледа не го читаа Уставот и Рамковниот договор. Во Уставот јасно се вели дека албанскиот јазик е службен јазик. Додека употребата на албанскиот јазик се регулира со посебен закон во државните органи. Веќе две години поминаа од војната, после сите тие жртвувања од сите страни, ние сеуште немаме закон за употреба на албанскиот јазик. Затоа, влегуваме во вакви непотребни дебати, со вакви амандмани, смешни закони во однос на употребата на албанскиот јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте за амандманот, немојте за закони кои што уште не се дојдени на дневен ред.

ЗАМИР ДИКА:

Јас говорам за амандманот кој е во врска за употреба на јазикот. Веќе две години оваа Влада не наоѓа добра волја да донесе закон за употреба на албанскиот јазик, а тоа е обврска од Рамковниот догоров. Министерот тоа треба добро да го прочита, а не нас да ни го толкува. Уставот вели дека употребата на албанскиот јазик во државните органи е регулиран со посебен закон. Две години ние на смешен начин преку амандмани, преку разни закони правиме дебати околу тоа во кој секотор и колку ќе ни биде дозирана употребата на албанскиот јазик. Мислам дека со овие закони каде на посебен начин се прави дозирање на албанскиот јазик , продлжува релативизирањето на елементарните начела и главните начела на Рамковниот договор. Со оглед на фактот дека Уставот и Рамковниот договор велат дека Заедницата која е над 20% , јазикот на таа Заедница е службен јазик, тоа е и државотворен елемент. Албанскиот јазик е државотворен елемент и така треба да се третира. Овој начин на третирање на албанскиот јазик преку посебни закони со дозирање што ги правите вие и со образложение дека сме направиле уште еден чекор напред во употребата на албанскиот јазик, воопшто не соодејствува со жртвите што ги има направено посебно албанскиот народ во текот на војната. Затоа, ние на смешен начин денес правиме разговори за правење на милиметар два, напред во употребата на албанскиот јазик по разни закони. Ова е една редукционистичка политика во употребата на албанскиот јазик и тотално потценување на албанците и на Рамковниот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Насуфи, имате збор.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас, за жал, не знам дали на професионално или на политичко ниво да разговарам со министерот, меѓутоа, јас сепак ќе се обратам на Парламентот. Рамковниот договор има аспект на употреба на албанскиот јазик на ниво на локална власт, на ниво на централна власт и на ниво на употреба во лични документи. Г-динот министер не даде професионален одговор како се употребуваше пред Рамковниот договор и како се употребува сега, како треба да се употребува сега. Тоа е разлика која што е суштинска.

Второ, министерот за правда не ги спроведува, тој создава правен амбиент за спроведување на изборите, било да се локални, парламентарни. Затоа, министерот ги меша работите. Ако ние овде во прв ред тој како министер за правда од албанската заедница на експлицитен начин не го толкува право Рамковниот договор и уставната норма, туку ги спроведува и ги интерпретира на ваков начин, региден начин, рестриктивен начин, всушност, албанскиот јазик ќе продолжува да се минимизира. Овде е ентата на амандманот, господине министер. Затоа, рестриктивното толкување кое Што вие го правите не е во согласност со Охридскиот договор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Насуфи.

Господине Зуди Џелили вие се пријавивте за збор.

Повелете.

ЗУДИ ЦЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, ве молам во иднина да го почитувате Деловникот на Собранието на Република Македонија и едновремено да го одржите ветувањето кое го дадовте на една собраниска седница кога рековте дека сите министри кои ќе продаваат цинизам на пратениците, против нив ќе преземете мерки. Еве, веќе неколку пати министерот за правда господинот Иџет Мемети ги провоцира пратениците од опозицијата, навредувајќи со погрдни зборови и користејќи зборови кои воопшто не се достојни за еден министер за правда и исто така имајќи предвид дека не следи целата јавност. Затоа, побарав процедурално да земам збор, меѓутоа, овој пат вие не го почитувавте Деловникот за работа и ќе биде добро во иднина да го почитувате.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас господинот министер го опоменав и втор пат ако се случи, тогаш навистина ќе постапам така. Мислам дека тука сме да си ги објасниме амандманите, евентуално да ги одбраниме и да гласаме. Се е кажано и се е напишано во Уставот и во Рамковниот договор.

Повелете г. Рафис Алити, имате збор.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Јас ќе бидам краток и побарав и порано процедурално, меѓутоа, вие не ми дадовте збор. Затоа, мислам дека пратениците на ДПА, поточно господинот Замир Дика тоа што го кажа за министерот дека е министер...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е амандманска расправа. Што не е добро во тој амандман или што е добро, ве молам тоа да го кажете.

РАФИС АЛИТИ:

Тоа што го кажа дека е министер на Бранко Црвенковски, ние како пратеници на Демократската унија за интеграција сме го предложиле како партија, сме го изгласале во Собранието, а што се однесува на тоа дека е шпиун не знам на кого, подобро треба и знае да цени населението и го знае минатото на пратениците на ДПА.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво, погрешна е вокацијата министер, господинот Бранко Црвенковски не е премиер.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеници, а гласале 57 пратеници. 6 пратеници гласале за амандманот, 8 воздржани и 43 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Роза Топузова-Каревска, Каме Петров, Јанаќе Витановски, Елеонора Петрова - Митевска, Славица Грковска, Рафис Алити и Зоран Томиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Збор побара г. Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, бидејќи има поддршка на амандманот од Законодавно-правната комисија за скратување од 30 на 20 дена, мислам дека е безпредметно да гласаме сега за ова 21 ден, да не правиме проблем. Ако ни дозволат како прв потписник да го повлечам амадманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 18 во ноовиот член 15-а, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Јанаќе Витановски, Елеонора Петрова - Митевска, Славица Грковска, Силвана Бонева, Теута Арифи, Ејуп Рустеми, Абдулаќим Адеми, Талат Џафери, Лилјана Поповска, Ристана Лалчевска, Неждет Мустафа и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа, од причина што сметаме дека основен модел на овој закон поготово за изборот на советниците, се базира на тоа дека на изборите се гласаат политичките партии. Така, политичките партии се тие што го добиваат легитимитетот од страна на граѓаните. Сметаме дека со прифаќањето на овој амандман ќе им се мешаме на партиите, на слободата на партиите сами да си ги средат листите. Таа е единствената причина што мислиме дека не би било во ред во закон да се вметне ваква одредба според која ќе бидат задолжени партиите и како ќе го направат редоследот. И јас, мојот личен став е дека треба да се даде поголема можност на женскиот пол да се вклуат и во советите на единиците на локалната самоуправа. Меѓутоа, не со одредба на закон, туку еве мој апел нека биде до политичките партии ова прашање да го уредуваат со статутите на партиите, така што ќе можат да најдат место и во листите на советниците и понапред да бидат рангирани.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има госпоѓа Бонева Силвана.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа,

Веќе два дена се расправа за законот за локални избори и посебно внимание беше обрнато на членот 18. Бидејќи, се бара дополнување на членот 18 со членот 15-а, во кој што се вели дека во предложената листа на кандидати за членови на советот на општината и градот Скопје, секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%. Тоа е неспорон, бидејќи одредбата е содржана и во Законот за избор на пратеници, меѓутоа, јас еден од подносителите на овој амандман, тргнувајќи и сепак имајќи го предвид она што многу наши колеги го зборуваа дека во Уствот на Република Македонија во членот 9, граѓаните на Република Македонија е декларирано дека се еднакви во слободите и правата независно од полот. Неспорно е тоа дека и мажите и жените се еднакви во Република Македонија, меѓутоа, суштествува една пракса во листите на партиите кога се поднесуваат, макар да биде за локални избори листата за советници или пак за парламентарни избори, во најголем дел жените се наоѓаат во долните делови на листите или пак многу малку ги имаше на локалните избори. Тоа е заради тоа што отсуствува според мое мислење мотивација кај жените да се вклучат во општественото живеење , активно да се вклучат и да бидат креатори на општественото живеење . Овој амандман кој што зборува дека треба и во горната и во долната половина од листата да биде застапен процентот од 30%.

Господине претседателе, ве молам ако може да обезбедите малку ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас знам дека сите пратенички групи се потпишани, но тоа не значи дека не треба да се сослушаме. Има некој кој има обратно мислење, па да го убедиме.

Ве молам повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Иако ова е позитивна дискриминација, го сфаќам навистина како позитивна дискриминација, се согласувам со моите колеги, меѓутоа беше потребно и тоа да дојдеме до целта, а нашата цел е сите оние жени кои без оглед на тоа што имаше интерпретации од колегите дека, важно е со овој амандман да се пробутка само да има жени на листата.

Треба повторно да кажеме и да обрнеме внимание дека во Република Македонија има огромен број на жени кои се активирани со години на ред во политичките партии, кои значат нешто во сопствената средина, што се истакнале со својот професионален ангажман и имаат доволен интелектуален потенцијал да ги менуваат нештата во општеството, да придонесат во локалната самоуправа за развој на локалната самоуправа и на ниво на државата.

Токму заради тоа сметам дека воопшто не ќе биде на одмет, ниту пак е мешање во работата на политичките партии да биде утврдено, со овој амандман, да биде составен дел на законскиот текст. Со тоа мислам дека ќе се поттикнат жените да бидат што поактивни во политичкиот живот и во креирањето на заедничкото живеење.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули имате нешто да додадете?

Повелете, имате збор.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Чувствувам обврска бидејки и вчерашниот обид да се минимизира овој обид или амандман, јас би сакал да го издигнеме на едно консензуално ниво и тоа се гледа од потписот на предлагачите на овој амандман од сите политички партии во овој Парламент, ќе правиме еден чекор напред, она што е препораката од министерот, ние како СДСМ ја имаме и статутарно оваа одредба кај нас, добро функционира и затоа ја предлагаме и ја поддржуваме. Тоа треба да го прифатат и применат и другите политички партии, а да биде и некој критериум што ќе важи во локалните избори.

Затоа, во поддршка, да не има поддршка амандманот само од едниот пол, да има поддршка и од другиот пол, конечно тоа што вчера го кажав ово модел е избран согласно искуството што го најдовме во повеќе земји, имено го одбравме моделот во Франција каде 30% во горната и во долната, таму е исцрпено ова искуство и мислам дека овој амандман ќе биде поддржан од сите пратеници овде во салата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се јавувам како еден од предлагачите на овој амандман. Како што кажа господинот Макрадули тука сме потпишани претставници од различни политички партии, од позиција и опозиција, тука сме исто така и мажи и жени и тоа е еден многу убав показател до кое ниво е свеста за овие прашања во нашата зеја.

Јас ќе бидам многу радосна ако овој амандман биде поддржан, се усвои. Инаку, што се однесува до ЛДП, можам спокојно да кажам дека ние навистина сме отишле доста напред на тој план. Во пратеничкава група имаме речиси 50 процентно учество мажи и жени и не случајно први го започнавме овој од кон родовата

рамноправност. Така што многу ме радува што тоа го следеа и другите политички партии што денеска речиси нема политичка партија каде што нема женска група организирана во рамките на партиите.

Можеби ќе биде добро да се објасни за оние кои можеби не знаат зошто токму 30% се одбрани како некоја бројка за која што се бара квота и сега рамномерно учество, бидејќи според сите анкети што се направени во политичките партии, што се правеа во различни проекти и преку Пактот за стабилност, анализите покажаа дека токму околу 30% е учеството на жените во политичките партии. Значи, таа бројка не е измислена, не е напамет, туку соодвествува со она што постои во политичките партии. Во некои повеќе, во некои помалку, мислам помалку и повеќе од 30% но процентот на учество е токму 30% и затоа сметаме дека ова што сега се бара само ќе овозможи една правична распределба на оние жени кои постојат во партиите, кои се активни да имаат можност со ваков сооднос да учествуваат на листите.

Како што, еве, уште една поддршка и очекувам разбирање и поддршка од сите други. Едно нешто да ни биде на сите јасно, не е целта некој да се отстрани од некаде или некому нешто да се земе, напротив целта е да се даде, да се придонесе на политичката партија, на општеството да можат и жените да учествуваат во градењето на оваа наша земја и наше општество.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има една нелогичност во објаснувањето, ако веќе сите тврдиме дека во нашите партии тоа е застапено и се прави, не знам зашто би бил потребен амандманот. Затоа не е баш така.

Повелете господине Стојановски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Јас сакам да искажам едно согласување, еве ретко се случува, но овој пат согласување со образложението на министрите и да бидеме на иста линија. Јас се согласувам по однос на образложението како што кажа министерот, по однос на ова прашање, затоа што факт е дека политичките партии, како главни носители на политичката активност односно на предлагање листи на кандидати за советници и градоначалници во Република Македонија, ако веќе имаат намера на овој начин да го решат прашањето и ако сите тука пратеници кои се претставени како претставници на политичките партии, се наоѓаат во органите на тие политички

партии, што ги носат статутите и другите акти на политичките партии, сметам дека можат да најдат начин и да направат напори во статутите или на друг начин, во нивните акти да ги внесат овие одредби. Не мора да биде 30%, нека биде и 50% и 70% и нека биде распоредено онака како што тие мислат во самата политичка партија.

Меѓутоа лично сметам дека на овој начин, со предлагањето во законот да влезе ова, со поставување на работите што се спротивни, пред се на Уставот, зборувам за уставноста, бидејќи сепак законите што ги носи овој Парламент пред се треба да бидат во согасност со Уставот на Република Македонија. Во текот на вчерашниот ден разговаравме и го цитирав членот 9 и на овој начин ако се прифати овој принцип, утре може истито овој проблем да ни се јави и по однос на присуство на советничките листи и на лица, на пример од различна религиозна припадност и различна општествена имотна сопственост или некаков друг услов да се постави, на пример 30% да бидат лица кои имаат приход до одредена граница, понатаму над одредена граница и не знам на кој друг начин би се поставувале тие работи.

Во секој случај, тој принцип е во спротивност со членот 9 од Уставот на Република Македонија каде што стои дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, значи независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Ако веќе се нашло решение со тоа што се утврдила одредба во законот што исто така е дискутабилна во која што се наведува дека подеднакво и едниот и другиот пол можат да учествуваат со по 30% во советничките места, автоматски значи дека имаме уште 40% што не е подеднакво распределен, ако веќе така се поставуваат работите. Сепак, останува простор за политичките партии, внатре во себе си, или за предлагачите на листи самите да одлучат како треба да бидат поставени советничките листи. Секако треба да внимаваат и за овие работи за кои што ние сега тука зборуваме, меѓутоа ние не сме тие кои треба да одлучуваме какви треба да бидат листите на кандидати.

И уште едно прашање што е овде интересно, ако веќе има горна и долна половина, а знаеме дека советничките листи се непарен број, треба да се утврди точно која е горната половина а која е долната половина, затоа што има една цифра што влегува и ваму и таму.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Ѓорѓи Трендафилов.

(Пратеникот Лилјана Поповска бара право на реплика).

Ние водиме амандманска расправа, не водиме општа расправа па да имаме реплики.

(Пратениците кажуваат дека има право деловнички).

Добро, кој има реплика нека дигне рака, бидејќи ги има повеќе.

Повелете господине Дојчинвоски, имате три минути.

КИРО ДОЈЧИНОСКИ:

Вака, најмалку 30% и во горната и во долната поливина на листата. Јас подразбирам и горе 30% и доле 30%.

Јас инаку би го поставил, најмалку 30% подеднакво распореден и во горниот дел и во долниот дел. Вака подразбира друга работа и се согласувам да тоа биде застапено, макар што го ценам ова што политичките партии би требало да се изјаснат...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Дојчиноски вие зборувате за амандманот, а гледам дека давате реплика. Тоа можете да го кажете во расправа.

КИРО ДОЈЧИНОСКИ:

Ова е излагање на мојот став.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас го рипнав редот затоа што рековде дека имате реплика. Ако имате став, пријавете се за дискусија.

Лилјана Поповска има реплика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам претседателе, почитувани колеги, сакам да дадам реплика на дискусијата по амандманот на господинот Блаже Стојановски.

Тој спомна дека овој амандман не е во склад со Уставот. Јас сакам да го демантирам, да дообјаснам дека во Уставот точно е наведено дека сите граѓани во Република Македонија се еднакви пред законот. Меѓутоа, истовремено сите знаеме дека применуваме афирмативни акции во одредени ситуации кога некои групи граѓани, по една или друга основа се под нивото на своето реално претставување во општествените текови. Во такви случаеви се применуваат мерки за позитивна акција. Тоа го имаме во случај со етничките малцинства, а тоа се применува и во

случајот со родовите, машки и женски род. Токму поради причината што жените се далеку под реалното ниво на претставување во политиката.

Само како потврда, Македонија е потписничка на многу конвенции, меѓу другото и на Меѓународната конвенција против дискриминација на жените, по разни видови и како таква Македонија мора да ги почитува одредбите од таа конвенција. Таму, сосема јасно се утврдува дека се предвидуваат мерки за афирмативна акција додека не се постигне одредено ниво на репрезентативност на двата рода. Сосема е во скалд и во поглед на Уставот и во поглед на меѓународните акти.

И уште нешто, бидејќи беше спомнато дека ЛДП веќе има рамномерна застапеност за Парламентот, точно, меѓутоа тоа сигурно ќе го направиме и на локално ниво, но ние сакаме да им помогнеме и на другите партии да го постигнат тоа и да им помогнеме на жените и во другите партии кои можат да се изборат за тоа. Во крајна линија сите ние работиме за оваа држава и за сите нејзини граѓани.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Стојановски имате право на контрареплика, па така ќе ја почнеме прикаската до бескрај.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас само кратко сакам да кажам дека помошта на политичките партии при предлагањето, да предложат што поголем број на лица од женски пол е начин преку непосредна комуникација и на други начини, за да може да се влијае на таа работа. Меѓутоа, со внесување на ваква одредба во законот навистина се оневозможува правото на предлагачите на листи да ги креираат листите согласно нивните политички потреби, согласно потребите на локалната заедница.

Јас би ве прашал што ако во определена политичка групација или независен кандидат за градоначалник или независна листа на советници нема доволен број на жени? Дали тие места ќе останат празни? Можно е и таков случај.

И уште една работа, која што, добро, овде ќе прекинам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, нема време повеќе.

Господине Жерновски имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Елеонора Петрова.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Бидејќи аргументите за или контра се исцрпени, јас само ќе го поддржам ставот на министерот, овој пат и вашиот став да го поддржам претседателе што го кажавте преку микрофонот, односно најпрецисно можеби да го поддржам ставот на колегата Блаже Стојановски.

Имено, ЛДП е спомната како пример каде што јас сум координатор на пратеничка група каде што има 50% припадници на понежниот пол. Меѓутоа тоа не е затоа што било предложено со законско решение, туку затоа што во оваа наша партија дамите биле силни. И, не сметам дека морало тоа со закон да се реши.

Впрочем, како што кажа колегата, и јас ве уверувам дека е ова противуставно и дури предлагачите тоа го знаат и мојот почитуван колега од СДСМ колегата Макрадули, координаторот, прецизно кажа напомна во Франција дека има вакво решение. Меѓутоа, ве уверувам дека во повеќето земји кои се понапред од нас ваква прецизна одредба во која половина и колку треба да има припадници од едниот и од другиот пол, нема. Тоа го знаете многу добро. Иако се потпишани некои од политичките партии, не значи дека пратеничките групи ќе гласаат за тоа.

Уште еднаш да заклучам, сметам дека нема потреба од едно вакво решение. Самите политички партии, врз основа на своето решение нека си донесат одлука во кој дел сакаат да има припадници од едниот или другиот пол.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи дозволив реплики на амандманите, повелете гопсоѓо Лилјана Поповска имате право на реплика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам претседателе.

Му благодарам на мојот колега Андреј Жерновски што ми даде можност да се доискажеме околу ова прашање.

Верувам дека оваа наша расправа може да биде едукативна и за пошироката јавност доколку се следи. Така што на објаснувањето дека не е во согласност со Уставот и дека во други земји ова го нема, само би му посочила и ќе му дадам на писмено информација, ветувам пред сите, пред целата јавност во кои се земји дури и попрецизно утврдување, дури и со наизменично фиксирани места прво-второ или второ-прво и понатаму мажи-жени. Така што не е против уставно ниту против нашиот ниту против другите. Во сите вропски устави, сите граѓани се еднакви пред државата, што значи нашиот Устав не е исклучок, не е ексклузивен во тоа. Така што

тие земји каде што постои оваа одредба е во согласност со Уставот а и ова ќе биде во согласност со нашиот Устав.

Значи, ова е само една афирмативна мерка што е во согласност и со Уставот и со меѓународните конвенции, кои што прават афирмативни акции за други граѓани кои се под нивот на претставување во одредени органи и тела.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули имате три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Бидејќи потпретседателката Поповска ќе ја достави листата до мојот колега Жерновски, ќе имам реплика помалку од три минути.

Да го потсетам господинот Жерновски дека тоа што до него седат колешки од неговата партија е и дел од законско решение од Законот за избор на пратеници каде што квотата од 30% е воведена. Со тој закон, според кој е и тој избран како пратеник во овој Парламент, така што не мислам дека е тоа ниту противуставно ниту само политика на партијата. Напротив, тоа е законска одредба во Законот за избор на пратеници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Станува збор за горна и долна половина, колку што јас разбирам.

Повелете господине Жерновски имате право на една минута.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ

Допрецизирање на мојот почитуван колега Макрадули. Апсолутно сум свесен за 30% што го има како решение во Законот за избор на пратеници, меѓутоа таму, ако ви е познато, а верувам дека ви е познато, немаше ваква одредба што вие денеска ја барате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На ред е господинот Трендафилов.

Повелете, имате збор.

ЃОРЃИ ТРАНДАФИЛОВ:

И понатаму стојам на ставот дека овој предлог на група пратеници е против Уставот на Република Македонија  затоа што Собранието нема право да се меша во работата на политичките партии, во тоа како тие ги креираат своите кадри или ги формулираат своите програмски определби се додека се во согласност со Уставот на Република Македонија.

На пример, зошто оваа група на пратеници не предложила на листата на советници да има определен број стечајни работници, студенти и средношколци и неколку пензионери, затоа што воглавном тоа се целните групи за кои што овде ние правиме закони. Конечно тие и треба да се произнесат.

Апсолутно се неприфатливи тврдењата дека на листите треба да има квоти за припадници на еден или на друг пол или било какви интересни групи, затоа што во основа не се согласувам со таквиот покрет бидејќи тргнува од една надмината еволуционистичка теорија, а не може тоа да важи само како правило за избор на советници и пратеници, а да не важи за избор на градоначалник, началник на Генералштабот на Армијата, министер, претседател или премиер. Значи, ако се оди со парцијални решенија ја губиме суштината и смислата на обидот да ги вовлечеме граѓаните во политичкиот или јавниот живот, без оглед на нивниот пол, раса, вера, изглед, висина, боја на коса, социјална положба, боја на очи и слични работи.

Членот 9 од Уставот на Република Македонија е јасен.

Да ги потсетам предлагачите на овој амандман дека единствено во изборот на претседател имаме ограничување во поглед на возраста. Значи ако во иднина сакаме да се занимаваме со оваа тема треба да имаме посеопфатен приод, а не да се занимаваме со тоа, како Собрание да се мешаме во внатрешната политика на политичките партии, или на , бидејки зборуваме за законот за локални избори, група граѓни кои ќе се обединат околу одреден интерес, карактеристичен за нивната локална заедница или регион во кој тие живеат и со Уредба да им кажуваме како да ја формулираат својата листа. Значи Собранието нема право да се меша во индивидуалните права на граѓаните, до колку правата што тие ги формулираат на политички план, не се во спротивност со Уставот на РМ. Во овој случај, ние за жал, тоа го правиме, притоа занемарувајки еден широк број од граѓаните на РМ за чиј интерес впрочем и седиме овде. Ваквиот елуционистички пристап понатаму ќе не доведе во ситуација да бараме да ги ограничуваме занимавањето и активноста во политичкиот или во јавниот живот и со возраста, или со нивниот социјален статус, или со нивните интелектуални капацитети, во поглед на нивната школска подготовка, а тоа е дирекно кршење на основните индивидуални човекови права кои се заштитени и со нашиот Устав и впрочем се дел од универзалните човекови права. Прво тоа треба да го имаме предвид, а потоа сите тие обиди тоа да ни се прикаже како некаква афирмативна постапка. Тоа не претставува никаква апсолутно никаква афирмативна постапка затоа што ги ограничува правата на поголем дел од граѓаните на РМ кои , дали поради тоа што природата така сакала или поради нивно

лично убедување, не се сметаат дека се припадници на оваа интересна група која ја застапува Собранието односно група пратеници, преку овој амандман. Тоа е во спротивност со сите човекови индивидуални права, застапени и во нашиот Устав и во универзалната Декларација за човековите права.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Петрова имате збор.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Благодарам г-дине претседател, не знам зошто не добив збор до сега, дали за да се отапат аргументите, или за да не ја растурам прекрасната шема на мачос светот во кој живееме. Меѓутоа некако депласирано изгледа сега да го кажам она што го сакам.

Во расправата која трае два дена, кажав околу уставноста и немам намера да го губам времето на колегите пратеници во Собранието. Меѓутоа сакам да кажам дека Република Македонија го одбра патот на европско асоцирање, го одбра патот на приближување кон Европа и за жал на колегите кои седат од десната страна, а богами и од левата. Во тој пат што го одбравме за Европа, мораме да најдеме форма и начин да ги вклучиме и жените во политиката, бидјеки се смета дека едно општество не е доволно демократско во колку сите жители во една држава, без оглед на полот, не се вклучат во сите сегменти на општествениот и политичкиот живот, а тука е и високата политика. Значи за да биде едно општество демократско предуслов е жените да го заземат своето место во сегментот на полиитката. Затоа сметам дека сите дискусии што беа кажани тука, по повод овој амандман, беа депласирани и очекувам дека во нашето асоцирање кон Европа, кон тоа ќе се тежнее, како Влада, како Држава и како Парламент.

Ме чуди како мислат колегите кои припаѓаат на опозиционата конзервативна партија да размислуваат за локалните избори и за парламентарните кои ќе дојдат за две години, бидјеки половина од населението во РМ се жени. Со овој став не е ни чудо што СДСМ има 200 иљади повеќе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво да објасам некои работи.

Госпоѓа Елеонора да ви кажам дека јас одам и давам збор спрема редот на пријавени пратеници. Второ од моја страна овде не се спроведува никаква мачос тактика. Сакам да ви објаснам дека вие бевте на ред и дојдовте на ред кога требаше.

Второ, овде никој не спроведува мачос техника и веднаш да ве израдувам јас ќе гласам за вашиот амандман.

Трето, гласа народот, гласаме сите ние овде и ако веќе не сме донеле став, можеме да дискутираме уште два дена, само нема да го донесеме законот. Затоа јас ви порачувам, затоа што се повторуваме, да се откажеме сите и да поминеме на гласање на амандманот. Ве молам да се откажеме сите од понатамошна дискусија по амандманот, бидејки се е чуено, аргументите се кажани. Сега можеме само политички да се надмудруваме овде.

Дали можеме да поминеме на гласање?

Повелете г-дине Трендафилов имате реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАРИЛОВ:

Оваа енергија што почитувната колешка ја потроши во оваа дебата, да ја трошиме овде за да немаме 400 иљади невработени во земјава и тие да имаат месечни примања од 1800 до 2000 евра, демократизацијата и учеството и на жените, меѓу другите граѓани на РМ, секако ќе биде по пријатна и поквалитетна отколку на таков начин со уредби кои излегуваат, како што кажав вчера, од одредени псевдоинтелектуални лаборатории. Можеби ви звучи смешно, но јас мислам дека по малку демократски нема да се однесуваат нашите граѓани ако не се невработени и ако имаат примања од околу 1800 евра.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Што ми давате сега збор или процедурално?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски сакате да се јавите за збор или имате реплика?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

За збор бев пријавен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тогаш госпоѓа Лалчевска има збор пред вас.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе.

Во интерес на она што вие сега го рековте, сосема накратко.

Прво сите политички партии во своите програми се определиле за евроинтегрирање. Господа, ако сме се определиле за евроинтегрирање, тогаш и треба да работиме да одиме кон евроинтегрирање.

Позитивната дискриминација по полова основа е највисоко рангирана дискриминација. Ако ние не изнаоѓаме начини и методи да ја елиминираме ваквата дискриминација, тогаш воопшто не сме спремни за Европа. Тоа воопшто не е мешање во политиката на партиите, туку е помош и пат за побргу да ги оствариме своите евро определби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски, имате реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Имам реплика на дискусијата на колешката Елеонора, а се работи за следното:

Прво, благодарам за атрибутот конзервативна затоа што ВМРО-ДПМНЕ навистина е конзервативна партија, а тоа не значи дека се бори против еднаквоста на половите. Ние бараме на принципиелна основа да бидат поставени овие прашања. Што значи тоа? Зборувате за општествената положба на жената, за вистинската рамноправност помеѓу мажот и жената, а не за рамноправност која ќе биде дадена форално , преку законски или некакви други решенија. Значи, ако зборуваме за еднаквост помеѓу мажот и жената, треба да зборуваме за еднаквост во сите сфери на општественото живеење. И ако навистина некој сака да помогне во еднаквоста односно во зголемвуањето и подобрувањето на статусот на жените во РМ , тогаш треба да се избори за подобрување, пред се на нивната социјална положба , за надминвуање на егзистенционалните проблеми со кои се соочуваат и за вистинско место на жените во државата и во општеството. На овој начин само се фрла прашина кон решавањето на овој проблем, или кон истакнувањето на вистинските проблеми со кои се соочуваат жените во РМ. Апелирам на вистинска рамноправност меѓу мажите и жените, како што е и предвидено во Уставот и како што реално треба да биде во општеството, а не со формални пишувања во закони и во некои други акти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дин Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Во интерес на женсково лоби се откажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме?

Гласале 58 пратеници, 41 за, 9 воздржани , 8 против.

Ги молам службите да гоутврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во времето на гласањето во салата беа присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усавои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 200 став 3 , поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете процедурално г-дин Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Сакам да кажам на предлагачот на законот дека во амандманот, јас како поднесувач на овој амандман, увидов дека е направена печатна грешка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа нема да го прифати, а вие ќе го повлечете.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Тогаш го повлеквуам пред да се искаже дека не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурата не е таква.

Повелете министре изјаснете се по амандманот.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа од причина што тоа што се предлага да се постигне со овој амандман веќе е составен дел на законот, со тоа што со амандманот 3 кој е составен дел на законот, од ЗПК е прифатен овој предлог, со тоа што целиот состав на избирачкиот одбор ќе биде избран од изборната комисија. Така како пратеникот Краљевски предлага, тоа веќе е составен дел на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ

Му благодарам на министерот што даде опширно образложение.

Го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи амандманот е повлечен.

(Со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 57-а  по членот 57, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманто не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Со амандманот поднесен во членот 57 се сака да се постигне , подносителите на листата на кандидати за градоначалник и подносителите на листата на кандидати за членови на Советот да имаат можност по конечноста на изборниот процес да поднесат барање до изборната комисија, за увид и ревизија на изборниот материјал. Тоа се со цел, ако подносителите на кандидатските листи се сомневаат во законитоста и правилноста на гласањето, сумирањето на изборните резултати и утврдувањето на резултатите од страна на избирачката комисија.

Мотиви за поднесување на овој амандман последните претседателски избори кога се констатира и од Меѓународниот мониторинг тим и од политичките партии учеснички на изборите дека во текот на изборите имаше многу неправилности и од некои учесници во изборната трка изборите беа прогласени за класичен изборен фалсификат. Меѓутоа , со оглед на тоа што досега го немавме инкорпорирано овој , би рекол нов институт во нашето изборно законодавство, од тие причини на одредена политичка партија не и беше дозволено да изврши ревизија на сите овие постапки, изборите, изборните резултати, начинот на гласањето и сумирањето на изборните резултати. Од тие причини јас го поднесов овој амандман. Тоа е нов институт во изборното законодавство, занчи ревизија по конечноста на изборите. Би апелирал до сите демократски настроени пратеници, а и македонската јавност да ја запознаам за барање од воведување на ваков институт во изборното законодавство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас сакам само да го подржам овој амандман затоа што овој начин на утврдување на резултатите од гласањето на конкретното избирачко место или на повеќе избирачки места веќе е пракса и во повеќе западни земји, во Канада мислам да е истиот случај, дека е можно на овој начин да се направи ревизија и на квалитетот на извршувањето на изборниот процес во тоа избирачко место. Сигурен сум дека на овој начин само ќе дадеме една потврда  за нашата желба за фер и демократски избори односно да се надминат сите можности за сомневања, во однос на одвивањето на изборите и на крај легитимниот резултат да биде прифатен од сите учесници во изборниот процес, што значи дека тоа  само    придонесува во тој правец, а не може да направи никаква штета.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор,  го заклучувам претресот по амандманот.

Би ги молела сите колеги пратеници да влезат во салата за да можеме да се изјасниме за амандманот.

Уште еднаш ги замолувам сите колеги пратеници што се во Собранието да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање и ги замолувам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници.

Ги молам службите да извршат пребројување.

Ве молам, ни треба уште еден човек за кворум.

Ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да обезбедиме кворум и да гласаме.

Во ред, сега имаме кворум.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 52 пратеници, 7 за, 45 против, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 57-а по членот 57, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Присутни се 61 пратеник.

Отворам претрес по амандманот на  член 14 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Овој амандман е предложен со цел да се прекине досегашната пракса во сите досегашни изборни процеси каде често пати бевме сведоци дека изборните комисии не ги известуваат подносителите на листите за кандидати при преземањето на определени изборни дејствија. Посебно во определени области на Република Македонија каде што навистина претставниците на подносителите на листите не учествуваат во работата на комисиите ако се земе предвид фактот дека само забелешките можат во записникот од страна на претставниците на подносителите на листите да истакнуваат приговори и да тече жалбената постапка, сметам, доколку сакаме оваа несреќна пракса да ја прекинеме и да ја утврдиме на територијата на целата држава, овој амандман да биде прифатен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги замолувам колегите пратеници повторно да влезат во салата за да можеме да продолжиме.

Имаме присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник за амандманот гласале 53 пратеници, 7 за, 46 против, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Отворам претрес по амандманот на член 15 по новиот член 12-а, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

По однос на овој амандман содржината на законот односно тоа што се сака да се постигне со овој амандман е прифатливо за нас.

Меѓутоа, како што е формулиран ќе се повторуваат зборовите два пати “го сумира”, значи ги сумира резултатите. Ако биде предложен друг амандман, незнам

која е постапката без зборовите “го сумира”, амандманот ќе биде прифатлив за Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска, како предлагач.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

За прв пат се согласувам со министерот за правда затоа што и јас ја увидов техничката грешка, вчера разговарав со службите и барав зборовите “го сумира” да бидат избришани, а останатото до крајот на реченицата да остане.

Како ќе најдеме консензус, со оглед на тоа дека се работи за членот 35 и негово експлицитно преземање од Закнот за избор на пратеници во Законот за локални избори.

Ако може да стои без “го сумира” и го објавува на самото место каде се спроведувало гласањето.

Ако така го прифаќа министерот, јас мислам дека е сепак само имплементација на членот 35 од Законот за избор на пратеници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас мислам како предлагач можете тоа да си го дозволите доколку постои усогласување, министре, се согласувате со таква формулација?

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Се согласувам, го прифаќаме амандманот без двата збора “го сумира”. Значи го прифаќаме следниот текст: Да се брише точката и да се доадат зборовите: “и објавува на самото место каде се спроведувало гласањето”.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Доколку е прифатливо и за предлагачот и за претставникот на Владата, тогаш ваков текст станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 во новиот член 17-а за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-ѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Сакам накратко да го прочитам ставот 2 со кој се бара да се избрише со овој амандман. Во него се вели: “Подносителите на листите од став 1 на овој член во единица на локална самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, поднесувањето на листите на кандидати односно листата на кандидат за градоначалник се врши на службениот јазик и писмото што го употребуваат граѓаните во таа единица на локална самоуправа”.

Дали тоа значи исклучиво листите на кандидати и листата на кандидат за градоначалник во тие единици на локална самоуправа каде најмалку 20% ќе бидат исклучиво на албански јазик. Тогаш тоа е во спротивност на амандманот 5 и ако велиме дека се имплементира со Законот за локални избори каде се вели во ставот 2 во амандманот 5 - друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението исто така е службен јазик и неговото писмо , како што е определено со овој член.

Во ставот 1 се вели дека на целата територија на Република Македонија  и во нејзините меѓународни односи, службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Сметам дека ваквата формулација оди директно во спротивност со ставот 1 и 2 од амандманот 4 од Уставот.

Затоа ќе ги замолам колегите пратеници од позицијата добро да размислат дали овој член 17-а треба да остане како текст составен дел на Законот за локални избори или истиот треба да се избрише што го барам со амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сакам само да дополнам она што го кажа колешката Марија Којзеклиска. Навистина се работи за следното. Факт е дека покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, службен јазик во Република Македонија може да биде јазикот на етничките заедници кои претставуваат над 20% во одредена единица на локална самоуправа односно во одредена општина.

Меѓутоа, не може само јазикот на етничката заедница да биде службен јазик кој се употребува при поднесувањето на листите на кандидати.

На овој начин директно се засега во Уставот на Република Македонија и директно се врши повреда на уставниот член кој одредува дека службен јазик во

Република Македонија е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и тоа на целата територија на Република Македонија .

Барам Собранието да не дозволи да се случуваат вакви повреди на Уставот и ако веќе треба покрај македонскиот јазик и на јазиците на етничките заедници кои претставуваат над 20% од вкупното население во соодветната општина да се поднесуваат листите на кандидати, тогаш нека биде преформулирано од страна на предлагачот на тој начин, меѓутоа, на овој начин како што е предложено навистина вршиме директна повреда на Уставот на Република Македонија што може да биде опасен преседан во различни други ситуации кога се работи за ова прашање.

Се согласувам дека треба да се реши ова прашање, меѓутоа, ова претствува грубо кршење на Уставот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ќе се обидам накратко да го образложам објаснувњето поднесено со предлогот на текстот на законот затоа што сметам дека е во согласност со амандманот 5 на Уставот на Република Македонија затоа што сметам дека во понудениот текст односно во предлог одредбата понудена од предлагачот се работи за комуникација со органот на власта односно во конкретниот случај за комуникацијата со изборните општински совети.

Тргнувајќи од овој аспект, од аспект на комуникацијата со општинските изборни органи и поаѓајѓи од алинеја 4 на амандманот 5 каде се говори токму за ова прашање и каде се дозволува, како што се вели дека може да се користи еден од службените јазици и неговото писмо што по мое мислење претставува основа за понудениот член 17-а, предложен од страна на предлагачот.

Накратко да повторам, мислам дека оваа одредба, овој член наоѓа своја основа во алинеја 4 амандманот 5 од Уставот на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас мислам дека колегата Аднан Јашари го толкува, прво не е предлагач на законот, се обиде да го протолкува членот 17-а, меѓутоа неуспешно, според мене, сакаше на јавноста да ја наметне алинејата 4 од амандманот, меѓутоа заборава дека по алинеја 4 постои алинеја 6 во која се вели “во единиците на локалната

самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Уште еднаш ќе повторам вака како што е предложен членот 17-а ставот 2 апсолутно директно се крши целиот амандман 5, без оглед на тоа во која алинеја влегува и 1 и 2 и 6.

Уште еднаш ќе апелирам до колегите за да не се случи преседан во имплементацијата на Рамковниот договор и кршењето на Уставот, барам поддршка од колегите да гласаат за овој амандман со кој ќе се брише ставот 2 од новиот член 17-а.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

За да нема забуни амандманот 5 кој беше цитиран од претходнот дискутант се однесува на комуникација на граѓаните со подрачните единици на министерствата.

За да биде јасно и да им биде јасно на колегите пратеници дека ова претставува на мала врата тргање на македонскиот јазик како службен јазик на целата територија на Република Македонија,да го прочитам точно амандманот 5 кој се однесува на ова прашање. Тој гласи вака:

“Кој било граѓанин кој живее во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик во комуникацијата со подрачните единицид на министерствата може да употреби кој било од службените јазици и неговото писмо. Подрачните единици надлежни за тие единици на локална самоуправа одговараат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмо што го употребува граѓанинот. Секој граѓанин во комуникација со министерствата може да употребува еден од службените јазици и неговото писмо, а министерствата одговараат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓаникот”.

Овој став 4 од амандманот 5 е многу јасен и сметам дека ова решение кое се предлага, уште еднаш ќе повторам, претставува преседан кој може да биде многу опасен затоа што на овој начин целосно се трга од употреба македонскиот јазик во оние општини каде што мнозинство се оние кои имаат над 20% од вкупното население во таа општина.

Значи, ако не се македонци тие над 20% имаме тргање на страна на македонскиот службен јазик. Видете убаво немојте да се дозволи ваков преседан затоа што со ова навистина можат да настанат компликации во иднина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Дозволете ми да ви се обратам како пратеник.

Почитувани колеги пратеници, почитувани министре и претставници на Владата,

Јас сакам да го поддржам овој амандман. Имено ова е сосем во склад со мојата вчерашна дискусија кога укажав дека во овој член е направена една грешка, јас претпоствувам дека техничка грешка, некои работи не се сосем јасно формулирани. Јас го замолив вчера министерот да го објасни овој член, затоа што она што буквално го пишува во овој член, таму вели дека “подносителот на листа може да поднесе само една листа на кандидати за членови на Советот, како и една листа на кандидат за градоначалник”.

И понатаму втоиот став кој што е спорен е следниот:”подносителот на листите од став на овој член во единицата на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, поднесувањето на листите на кандидати, односно листата на кандидат за градоначалник се врши на службениот  јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа единица на локална самоуправа. Мислам дека би било сосем во ред да се прифати овој амандман каде што ќе се наведе експлицитно дека покрај на македонски јазик можат да се поднесат и на друг службен јазик во кој што е службен во таа единица на локална самоуправа. Вака може навистина да се стекне впечаток, затоа што буквално така и стои, барем јас така го читам овој член дека во Тетово, во Дебар, во Гостивар во некои средини каде што има мешано население, каде што има население кое што е надв 20% дека може на тој јазик, на тоа население да се предложи листа, додека не е предвидено и на македонски јазик. Мислам дека не само што не би пречело, туку би било во функција на појаснување и расчистување за да нема некакви евентуално можни злоупотреби или сомнеж во формулирањето на овој член. Инаку јас лично верувам дека Владата го имала предвид тоа, дека може да биде и на македонски јазик и на друго писмо бидејќи тоа од Уставот следува,  но за да не даваме можност за некакви си толкувања сметам дека амандманот треба да се прифати и го поддржувам.

Благодарам.

(Во 12,00 часот со седницата продолжи да раководи господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Повелете господине миинстре, имате збор.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Само на кратко. Со цел појаснување да нема еве така впечаток дека нешто се сака да се протурка со ова измена. Ако го читаме добро амандманот 5 на Уставот целиот текст на тој амандман, дикцијата на тој член по однос на употребата на јазиците е следна. Значи можеме да извлечеме два заклучока.

Единот, тоа што значи работа на органите, било тоа да се државни или да се на единицата на локалната самоуправа, се одвива од кога ја примаат поплаката или барањето од страна на граѓанинот е двојазична. Значи одговараат  и на службен македонски и на другиот службен јазик. Тоа е едно

Кога се работи за комуникацијата на граѓаните спрема органите, па тоа нека се и на единица на локална самоуправа  и изборни комисии и подрачни единици на министерство. Се мисли на сите органи. Оди во насока, зборам за дикцијата на уставниот амандман на тоа дека граѓаните слободно го избираат еден од службените јазици спрема органите да комуницираат односно да бараат одредено нивно право за да се оствари на еден од службените јазици. Ако се чита целиот закон по однос на одредбите, Закон за локални избори кој сега ви е предложен по однос на одредбите за употребата на јазиците, во таа насока оди. Значи, никој неможе да не убеди дека група граѓани немаат прво согласно амандманот 5 на Уставот и листите на кандидати која е еден вид обраќање до одреден државен орган да не ги предлагаат на еден од службените јазици. Општинската изборна комисија ќе го прими тоа обраќање, тој поднесок од тогаш согласно Уставот целата постапка или пак гласачките ливчиња, целиот избирачки материјал оди двојазично. Ова е суштината на овој члеН и ве уверувам дека членот е кристално јасен и уставно издржан.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Поповска, имате реплика, повелете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА.

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитуван министре,

Морам да признам дека дури сега не ми е јасно, не само што не ми екристално јасно туку ни сега не ми е јасно што е што. И за да не биде во недоумица

било кој човек кој што ќе го чита овој член, затоа што вие велите ако се чита целиот закон ќе стане јасно. Многумина луѓе кога ќе ги интересира за овој дел од процедураата ќе го читаат овој член. Зошто да не дозволиме да тој член биде недвосмислено јасен. Зар не е тоа наједноставно. Дали некому му пречи да стои покрај на македонскиот јазик и на друг јазик или на друг јазик покрај на македонскиот јазик. Мене ми е сеедно, дали некому тоа воопшто може да му пречи. Зошто да не биде навистина кристално јасно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре имате една минута, бидејќи е ова контрареплика.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Не е реплика, објаснување по однос на содржината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Саката да дообјасните.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Не можеме со закон да им го скратиме уставното загарантирано право на граѓаните на органите да им се обраќаат на еден од службените јазици. Верувам дека сега е сосема јасно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Блаже Стојановкси вие барате збор? Реплика.

Повелете, имате збор. По амандманот ве молам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

За амандманот сакам само да искажам едно чудење, затоа што кога се зборува за уставни одредби, ние не можеме да ја чувствуваме дикцијата, да го чувстуваме духот на тие одредби и незнам што. Навистина, кога се зборува за амандманот В за кој што го прочитав, точно и јасно е јаведено, децидно, во кој случај може граѓаните жители на одредена општина кои што претставуваат над 20% од жителите на таа општина, можат да го употребуваат својот јазик и кон кого. Значи стои: кон подрачните единици на министерствата исто така можат кон министерствата. Во локалната самоуправа исто така тој јазик на етничните заедници кои што имаат над 20% во соодветната општина е службен јазик, меѓутоа, секогаш стои и тука стои “покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо”. Значи, ако македонскиот јазик и неговото кирилско писмо е службен јазик и писмо на територијата на целата Република Македонија, јас не гледам ниедна оправдана причина за да тоа биде тоа д е службен јазик, меѓутоа, секогаш стои и тука стои “покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо”. Значи, ако македонскиот

јазик и неговото кирилско писмо е службен јазик и писмо на територијата на целата Република Македонија, јас не гледам ниедна оправдана причина за да тоа биде тоа догирано со овој член од законот. Истовремено, не сакам да се импутира дека некои не сака да им овозможи на етничките заедници кои имаат над 20% да го употребуваат својот јазик, затоа што тие можат да го употребуваат, меѓутоа покрај македонскиот јазик и неговото службено писмо. Значи и едниот и другиот, затоа што едниот е службен јазик на целата територија на Република Македонија, а другиот е службен јазик во општината каде што тие се над 20%.

Од овие причини сметам дека амандманот кој што е предложен треба да се прифати и се' друго ќе значи неуставно решение за кое што сме сите овде свесни.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Јашари, имате збор.

АДНАН ЈАШАРИ:

Навистина се чудам како е можно едно прашање кое што е многу јасно, толку многу да се политизира. На сите ни е јасно дека предлагачите на листата на кандидати може да бидат и граѓаните, тоа што го кажа и министерот претходно, во моментот кога се подготвува листата и се доставува на државниот орган, во конкретниот случај е општинскиот изборен совет, се додаѓа во комуникација, значи која се предвидува во амандманот В.

Почитувани колеги, ако се говори за комуникација, на овие граѓани, со државниот орган, се поставува прашање, се дозволува или не се дозволува употреба на јазикот. Амандманот В, уште еднаш ќе кажам, со најголема одговорност, амандманот В алинеја 4 е многу јасна. Ние не говориме за одговорот на органот, туку за комуникацијата на граѓанинот со државниот орган и оваа работа треба да се расчисти. Токму поради ова, јас сметам дека вашиот амандман почитуван господине е против уставно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика господине Блаже Стојановски, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Амандман В од Уставот на Република Македонија - Став 6 стои вака: “Во единиците на локалната самоуправа, јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо”. За употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во единиците на локалната самоуправа одлучуваат одрганите на

единицата на локалната самоуправа. Ако овој амандман што се предлага да се усвои, не значи надминување на опасноста од дирекна повреда и кршење на овој амандман од Уставот на Република Македонија, јас незнам што би било појасно тоа. Значи, единствено бараме покрај македонскиот јазик, односно покрај јазикот на етничката заедница која што има над 20% да се користи службениот јазик кој што важи за целата територија на Република Македонија и така е наведено и во Уставот. На целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Покрај него, може да се користи и оној на етничката заедница која што е над 20% може и на онаа етничка заедница која е под 20%, меѓутоа ако има одлука на советот на соодветната општина.

Од овие причини, сметам дека Собранието не треба да работи на неуставна основа и сметам дека пред се' треба овој член министерот да биде тој кој што ќе во повлече, односно да стави амандман, затоа што се работи за кршење на Уставот на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Повелете, имате контра реплика господине Јашари, една минута.

АДНАН ЈАШАРИ:

Вистина е тоа што го прочита господинот Стојановски, меѓутоа, мислам дека направи еден пропуст. Зошто не ја прочита алинејата 4 на амандманот В. Добро е јавно да го прочита и да видиме што пишува во таа алинеја.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Што барате госпоѓо Којзеклиска? На ова сега што е кажано да одговорите? Вие сакате да зборувате за амандманот? Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас сум предлагач и затоа сакам да му кажам на колегата, не е Блаже Стојановски, туку јас сум предлагач. Сакам да му кажам дека не го прочитал образложението, таму стои - органи за спроведување на избори, Државна изборна комисија, изборни комисии, избирачки одбори се државни органи. Сега, да му го прочитам на него и на јавноста и тука ќе завршам, алинеја 4 почнува вака: “Кој било граѓанин, кој живее во единицата на локалната самоуправа во која најмалку 20% од

граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, во комуникацијата со подрачните единици на министерствата може да употреби кој било од службените јазици и неговото писмо". Ова е една третина од целата алинеја 4. Ако ова не му беше доволно на колегата и на јавноста и на другите колеги да го образложам зошто го барам да се брише ставот 2 од членто 17-а, тогаш навистина немам друг аргумент со кој можам да го убедам почитуваниот колега Јашари и затоа барам како предлагач на амандманот, со оглед на тоа дека дискусиите веќе преоѓаат во надмудрување, барам да се гласа за амандманот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас кога барам не успевам, па сега вие како пратеник.

Повелете господине Јашари, имате една минута контра реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам претседателе,

Јас пред мене го имам Законот за локални избори, членот 8 на тој закон вели вак: "Органи за спроведување на изборите се: општинските изборни комисии и избирачките одбори". Тој член вели така.

Во благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Госпоѓа Лилјана Поповска, вие барате збор? Не.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 57 пратеници, 11 гласаа за амандманот, 3 воздржани и 43 против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 61 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 за менување на став 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

Збор има министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Со овој амандман барам, или всушност се предлага да се елиминираат злоупотребите кои во досегашната пракса евидентно беа присутни во изборните кампањи. Значи, определени организации, фондации, невладини организации, директно учествува, за тоа бевме сведоци сите на последните претседателски избори и агитираа во изборните кампања под превезот гласачкото ливче не може само да отиде, мора некој да го однесе. Мислам дека тоа беше еден начин на минифестирање на пристрасност кон определни политички партии во однос на членот 27 ставот 3 во кој барам домашни и странски правни и физички лица, фондации и невладини организации не смеат да организираат, тоа е наведено во самиот закон, или учествуваат во изборната кампања. Ова го предлагам од причини превентивно да се дејствува и допрецизирање на одредбата, на постојната одредба од Законот за локални избори, како што е утврдено во Предлогот за изменување и дополнување на Законот за локални избори.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Секогаш сме на ивица на кворумот.

Ги молам пратениците кои се во Клубот да влезат, треба да гласаме.

Имаме кворум.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеника, 2 гласале за амандманот, нема воздржан, 54 против. Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 ставови 2, 3 и 4, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

Збор има министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 ставови 1и 5, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

Збор има министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Најрпвин господине претседателе не ве чувме кој член беше амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Член 4 ставови 1 и 5.

СИЛВАНА БОНЕВА:

В ред. Со амандманот 4, амандманот фактички предлага измена и дополна на членот 4 во ставовите 1 и 5, се однесува на тоа што се опфаќаат неиспоивоста на функцијата член на совет и градоначалник со лица кои што се именуваат и назначуваат и од страна на претседателот на Република Македонија. Во ставот 1 на членот 5 е назначено дека функцијата градоначалник е неспоива со функцијата на претседател на Република Македонија, претседател на Владата на Република Македонија, министер, судија, судија на Уставен суд на Република Македонија, Јавен обвинител, Народен правобранител и други функции, на кои што изборот или именувањето го врши Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Суштината на амандманот е да се додаде и “лица кои што ги назначува и именува претседателот на Република Македонија”. Тоа се однесува и за ставот 1 и за ставот 5.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Колегите кои што се излезени ги молам повторно да влезат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи следува постапката за гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи 61 пратеник е присутен во салата преминуваме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, од кои 3 за амандамнот, нема воздржани и 55 пратеници гласале против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став по ставот 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер за правда Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Мислам дека би требало амандманот да го прифатат колегите бидејќи со предложениот амандман се регулира именувањето на секретарот во изборната комисија, бидејќи во членот 8 во ставовите 1 и 2 се зборува кои се органите за спроведување на изборите, а ставот 3 зборува дека изборната комисија има и секретар кој не е член на изборната комисија. Мислам дека за да бидат многу појасни работите треба да се прифати овој амандман, кој ќе гласи дека секретарот од ствот 5 на вооj член го именува изборната комисија со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, од кои 4 за, нема воздржани и 57 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Моето образложение е дека со предложениот амандман се врши усогласување на именувањето на претседателите и нивните заменици на изборните комисии за локалните избори, со постојното решение за именување претседатели и нивни заменици на општинските изборни комисии што е регулирано со Законот за избор на пратеници. Затоа сметам дека треба да се додаде нов став 2 кој треа да гласи: Претседателите на изборните комисии и нивните заменици ги именува Државната изборна комисија со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Државната изборна комисија. Доколку претседателот и неговиот заменик не можат да се именуваат со 2/3 мнозинство на гласови во првиот круг на гласањето, тогаш именувањето се врши со мнозинство на гласови од вкупниот број на членовите на Државната изборна комисија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, од кои 4 за, нема воздржани и 57 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 10-б за бришење на став 6, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Преминуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 5, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, од кои 2 за, 1 воздржан и 56 пратеници гласале против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 1 алинеја 4 и 5, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

За да биде појасно, јас ќе го прочитам членот 57 од Законот за измени и дополнување на Законот за локални избори. Во него се вели:

"Членот 60 се менува и гласи:

Изборната комисија со решение го поништува гласањето на гласачкото место во случаи ако е нарушена тајноста на гласањето, гласањето било прекинато подолго од 3 часа, полицијата не одговорила на барањето за интервенција од страна на избирачкиот одбор, а за тоа имало потреба и влијаело врз спроведувањето на гласањето на избирачкото место; бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од бројот на избирачите што гласале, а тој број влијае врз резултатите на гласањето на ниво на општина и град Скопје".

Практично тоа е и целта на мојот амандман, со кој барам вториот дел од реченицата "а тој влијае на резултатите од гласањето на ниво на општина и градот Скопје" да се избрише. Значи независно дали влијае или не влијае на резултатите, гласањето да се поништи и да имаме повторно гласање бидејќи сепак тоа е неправилно и волјата на граѓаните нема да биде адекватно аплицирана при изборот на градоначалник или на советниците.

Исто така во следниот став на членот 57 се вели: "Ако некое лице или лица гласале за други лица или лице, а бројот на тие гласови влијае на резултатите од гласањето на ниво на општина и градот Скопје", исто така и овде делот од реченицата "а бројот на гласовите влијае на резултатите од гласањето на ниво на општина и градот Скопје" да се избрише и со тоа да се остави можност, не зависно дали влијае или не влијае на резултатите, гласањето да биде поништено односно да има повторно гласање на тоа избирачко место. Со ова сакаме да покажеме дека доколку во некоја општина, значи зборуваме за целата единица на локалната самоуправа, има повеќе неправилности и секоја поединечно не влијае на резултатите од гласањето, меѓутоа, сите заедно влијаат на гласањето на изборот на градоначалник или на Советот на општината, во тој случај сметаме дека може да настане злоупотреба на вака формулираниот член 57, така што ако сите заедно неправилностите влијаат, а поединечно не влијаат, тие поединечно да се расцепкаат

и да се оневозможи прегласувањето во повеќе избирачки места, со што сметам дека ќе се направи голема злоупотреба и нема да биде адекватно пренесана волјата на граѓаните при овие локални избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Бидејќи сме под кворумот, ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 58 пратеници.

Молам да се обезбеди кворум.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 60 пратеници.

За еден, може да ја затворам седницата денес. Тоа доаѓање ми го кажувате секогаш и по 10, 15, 20 минути чекаме. Ако дадеме пауза, тргнувајќи од искуството, нема да се собереме. Затоа, ќе причекаме уште 10 минути и ако не дојде уште некој за 10 минути ја завршувам седницата за денес.

Еве, сега имаме кворум, во салата е присутен 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, од кои 1 за, нема воздржани и 59 пратеници гласале против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека со овој амандман сакам да направиме измена во членот 52 од Законот за измени и дополнување на Законот за локални избори или во членот 55, со кој се менува членот 55 од постојниот закон. Имено, измената гласи:

“Во првиот круг од гласањето за градоначалник е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку на изборите излегле 1/3 од вкупниот број на избирачи запишани во избирачкиот список”. Мојот амандман се однесува токму на ова, наместо да стои 1/3, да стои 1/2. Сметам дека ова е една од најсуштествените измени и една од главните цели за донесување на овој закон за изменување и дополнување на законот за локални избори. Имено, на овој начин во суштина се менува и целиот закон. Со ова сметам дека се одзема правото на граѓаните, односно се маргинализира правото на граѓаните да влијаат на изборот на градоначалник и советник во единиците на локалната самоуправа односно во општините. Се поставува прашањето која е целта за вака намалениот цензус на излезени гласачи да гласаат на овие локални избори, кои се многу суштествени за Република Македонија. Со ова, практично една од целите, како што беше наведено во вчерашните дискусии од страна на министерот, е уште во првиот круг што побрзо да се избере поголем број градоначалници и дека ова е пракса во многу земји во Европа. Мислам дека позадината е сосема друга, односно сметам дека поради искуството на претходните претседателски избори, односно поради лошата економска и социјална состојба, знаејќи ја таа состојба во Република Македонија, 400 илјади невработени, секојдневни отпуштања, стечаи штрајкови и што е најважно, невозможност за нови вработувања, граѓаните сметам дека ја изгубија довербата во власта и со тоа станаа индолентни и апатични на сите избори кои понатаму следуваат се додека не најдат можност или не видат дека има излез од оваа криза.

Целта на власта, не само на оваа туку и на било која друга следна, треба да биде да ги мотивира граѓаните да излезат на гласање барем 50% и со тоа изборот на било кои од овие избирани лица, без оглед дали се советници или градоначалници, да биде валиден бидејќи на ваков начин со овие измени во законот што се предвидуваат, доколку не се прифати овој амандман, а мислам дека нема да се прифати, сметам дека избраните градоначалници или членовите на советите на единиците на локалната самоуправа нема да го имаат вистинскиот легитимитет, бидејќи ќе бидат избрани со 16,5% од запишаните гласачи кои гласале за нив, а излегле само 33,33% гласачи. Со ова сметам дека крајно се маргинализира улогата на гласачите во Република Македонија и сигурно ова е практика во земјите како што е нашата, па се предлага се со цел да успеат изборите, а да не се повтори, како што беше во блиското минато српското сценарио околу неуспешните избори во Србија.

Значи, покрај тоа, сметам дека со вака намалениот цензус на излезеност на гласачите на овие локални избори кои што се многу значајни за Република Македонија ќе се овозможи, или ќе се промовира еден нов притисок врз гласачите. Со оглед на тоа што многу мал ќе биде цензусот, значи ќе се влијае на сите оние кои што се неистомисленици за да не излезат на гласањето, а тоа е многу очигледно и може многу лесно да се контролира. Доколку се заплаши одредена групација независна по локација, или по некој друг основ и таа може многу лесно да се види дали излегла, или неизлегла на гласање. Додека со сегашниот цензус од 50% и да се врши притисок на граѓаните, тие своето право го искажуваат на тајно гласање позади кутиите, значи во секој случај му останува неговото неотуѓиво право да гласа за оној што мисли дека треба да гласа, бидејќи не може никој да го види како ќе гласа. Сега на овој начин, доколку се спречи, да не дојде на гласање, а може да се спречи, бидејќи е видливо неговото доаѓање, сметам дека ќе биде многу опасно во Република Македонија за овие многу важни избори. Сметам дека важноста на изборите на овие локални избори е и поради донесените и поради законите за децентрализација кои што се во фаза на донесување во Република Македонија и во кои што граѓаните во единиците на локална самоуправа имаат многу поголеми ингеренции отколку што ги имаат сега. Практично, голем број на ингеренциите кои што беа во министерствата, сега се спуштени во единиците на локална самоуправа и заради тоа е многу значајно граѓаните кои што ќе гласаат на овие да бидат што поголем број, за да може избраниот градоначалник, или избраниот совет на единицата на локална самоуправа да го има нивниот вистински легитимитет.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Во последните два, три дена се создаде една погрешна слика во јавноста во Република Македонија дека со смалување на цензусот за излезеност на гласање од половина на третина од запишаните се доведува во прашање легитимитетот на избраните градоначалници или советници. Се спомнуваат некои 6%, 16% шестини и 16-тини, итн., што воопшто не е точно. Тоа едноставно не е точно, бидејќи граѓаните на Република Македонија излегуваат масовно на гласање и тоа над 65 до 70%. Нашиот проблем е на друга страна, во избирачките списоци. Таму се запишани околу 15% односно над 250 илјади наши државјани кои десетина, 20 години се надвор од Република Македонија и не се присутни на денот на гласањето. Од присутните граѓани во Република Македонија со право на глас излезеноста е над 70% во просек, а во некои општини кои важат за иселенички краеви како што е на

пример со Преспа, таа излезеност е околу 85%. Така беше случајот и со последните претседателски избори. Па каде е тука доведен легитимитетот на избраните градоначалници и советници. Затоа додека не се преземе нешто за разрешување на овој проблем со избирачките списоци, мислам дека овој цензус од 1/3 излезени е добар за да се избегнат втори, а посебно фаталните трети, четврти кругови на гласање. На крајот опозицијата како да крена раце од добивање на избори и едноставно почна со сите свои сили да се бори за спроведување на неуспешни избори. Па не е фер со излезеност од 85% како што беше последниот пат со гласањето за претседателските избори во Преспа од присутното население едвај да го преминуваме прагот од 50% на излезеност, односно имавме процент од 53% од вкупниот број на запишани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас на мојот ценет колега Гештаковски ќе му кажам дека ние не сме кренале раце од изборите, далеку се изборите. Сега правиме законска регулатива за нивно правилно донесување. Инаку, она што неговата дискусија сметам дека му беше малку преуранета, следна точка се избирачки списоци, па таму ќе можеме да дискутираме за избирачките списоци. Јас не би сакал повеќе да елаборирам околу тоа меѓутоа сакам да му кажам, повторно да потврдам дека на овие избори имаше и масовно апстинирање. Јас ќе го спомнам само село Булачани од каде што потекнува Диме Поштарот кои што во првиот круг излегоа минимален број. Да не зборуваме и на други места, така што зборуваме дека сепак се работи за страв дека нема да излезат 50% од граѓаните на овие избори. И ние наместо да работиме како да се мотивираат преку подобрување на економската состојба, ние зборуваме со смалувањето на цензусот. Ако продолжиме вака, ние сите цензуси ќе ги смалиме, па подобро и нека не постојат цензуси. Во тој случај знаеме дека е тотално слободна волјаната на граѓаните, па ако треба и со еден глас нека се избере градоначалник, или совет на општини.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Трајановски воопшто не беше преуранета мојата дискусија, бидејќи точно фактот што го кажав за избирачките списоци, вие го употребувате за да кажувате дека незадоволни биле граѓаните на Република Македонија од економската состојба. Јас едноставно само кажав дека од присутните гласачи 85% излегуваат гласачите во Република Македонија. Да не се разбереме погрешно. И

конкретно ќе ви кажам пример со Ресен. Запишани се 18 илјади 198 гласачи, а во старт 12500 се присутни во општината гласачи. Имаме луѓе кои што се по 10, 20 години во странство, иселени граѓани од Преспа, тие не се на денот на гласањето тука, а плус тоа една четвртина од тие 5500 се умрени. Само бидејќи немаат пуштено документ официјален до МВР, не се избришани од списоците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас мислев дека претходниот колега во својата дискусија ќе зборува за амандманот, меѓутоа тој ги кажуваше своите искуства кои што ги имаше од претседателските избори. Меѓутоа, независно од тоа сметам дека оној факт кој што се однесува на запишани избирачи во избирачкиот список, односно запишување на лица кои што не се наоѓаат моментално во Република Македонија, а кои се државјани на Република Македонија и согласно со тоа имаат право да го оспоруваат своето гласачко право, не треба да се смета како проблем кој што не е надминлив, туку напротив тоа треба да биде еден мотив за да се изнајде решение како тие лица да можат да гласаат и да го остварат своето избирачко право.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Блаже Стојановски, вие имавте реплика, или збор? Зошто реплицирате.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зборувам за истата теза која што претставува проблем за намалување на цензусот, тоа е целата тема. Значи, ако се земе како аргумент дека има запишано повеќе избирачи од избирачкиот список и заради тоа да има потреба на намалување на цензусот од 50% на 30% за првиот изборен круг, сметам дека тоа не може да држи како единствен мотив за намалување на овој цензус. И затоа неопходно е да се свати дека легитимитетот на избраните претставници од граѓаните, значи нивните претставници во советот, нивните претставници како градоначалници во соодветните општини т реба да претставуваат реален израз на нивната волја, односно тие да можат да претставуваат реален одраз на очекувањата и потребите на мнозинството од жителите на соодветната општина. Ако земеме како еден конкретен пример за една општина која што има од прилика 10 илјади жители, со овој принцип кој што сака да се наметне за намалување на цензусот од 50% на 30% би дошла една бројка од 1700 лица кои што би го оствариле тој цензус и би дале легитимитет на претставникот, на градоначалникот да одлучува за сите 10 илјади

жители на таа општина. Во тој случај веднаш се поставува прашањето дали на овој начин не се девалвира самото функционирање на локалната самоуправа, затоа што водењето на локалните работи, остварувањето на сите оние надлежности кои што ги има општината од страна на градоначалници или членови на советот кои што немаат доволен легитимитет, или кои што имаат легитимитет од само 16, или 17% од вкупното население на општината, ќе значи девалвација на самиот принцип на локална самоуправа, односно на избор на претставници од страна на граѓаните кои што ќе можат реално да ги остваруваат нивните цели и потреби. Ако веќе Владата, или министерот имале намера да се надмине проблемот со тоа што во првиот изборен круг сакаат да бидат реализирани изборите во огромен дел од единиците на локална самоуправа во Република Македонија, тогаш тоа можеле да го направат на многу едноставен начин, со тоа што наместо да оди изборот на градоначалник мнозински во два круга, можеле да го направат во еден круг и тој што ќе добие повеќе гласови, нека биле тоа 5 или 10, или 100, ако веќе се оневозможува реалното прикажување на принципот на легитимност за избор на градоначалник на општината во првиот изборен круг, а да има некој легитимитет и тука во Собранието кога гласаме треба да гласаме повеќе од половината од тие што сме тука присутни. А треба да бидеме присутни повеќе од половината од вкупниот број на пратеници. Значи, истиот принцип ние бараме да биде спроведен и на локално ниво, односно да бидат излезени над 50% или повеќе од половината од вкупниот број на жители на соодветната општина и од тој број да има мнозинство градоначалникот со цел да добие легитимитет за да може да ги врши градоначалничките работи во името на сите жители на таа општина. А, за да може тоа да го направи согласно ова, што го предлагаме, тој би добил легитимитет од најмалку една четвртина од вкупниот број на жители на соодветната општина. Значи, овде се работи за концепт. И ако имаме пропорционален модел за изборот на советници, тогаш која е смислата ако се намалува волку цензусот на 30% да биде избран градоначалникот на непосредни избори, туку се доведува во прашање и самиот систем на двостепеност, или два органи кои што ги водат суштински работи во единицата на локалната самоуправа. Затоа, свесни сме дека до 1996 година имавме, тогаш не се викаа совети, туку беа општински одбори каде што од редот на членовите на тие одбори беше избиран претседател на општината, односно градоначалник. Системот кој што е прифатен во Франција предвидува од редот на советниците да се избира градоначалник на соодветната општина. Меѓутоа, ние го прифативме комбинираниот систем каде што имаме постоење и на совет и на градоначалник, што значи дека легитимитетот

треба да биде поделен, да биде на непосредни избори легитимитетот кој што треба да го има градоначалникот а истовремено на непосредни избори се потврдува и легитимитетот на членовите на Советот. Заради сето ова мислам дека е неопходно да се зголеми овој цензус најмалку на 50%, или ако веќе е тоа целта на Владата, или на Министерството треба целосно да се отстрани можноста од постоење на два круга и на таков начин да се реши целосно ова прашање, затоа што слушаме дека заради незнам, свесни сме дека за да функционираат едни демократски односи мора изборите да бидат реализирани на адекватен начин. За да може тоа да биде направено, ние не можеме да зборуваме дека биле трошоци, ако се вршат избори во два круга. Сакам да кажам ако сакаме да ја градиме демократијата во Република Македонија неопходно ќе биде избраните претставници на локално ниво да бидат со легитимитет кој што произлегува од граѓаните, односно најмалку повеќе од половината од тие граѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, 3 пратеници гласале за амандманот, нема воздржан, 57 пратеници гласале против амандманот.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(по паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Продолжуваме со расправа по амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 45 во новиот член 43-б, став 5, на член 47 став 2 и на член 49 со новиот член 52-в став 6, поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се рпизнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Не се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор.

Повелете г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Еве е веќе 7 минути после 14,00 часот, почнуваме со расправа и се надевам дека за две три минути кога ќе престанат со зборување, тогаш ќе се собере доволно кворум, за да има гласање по овој амандман. Меѓутоа, тоа не е моја работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Веќе реков дека 10 минути ќе чекам да се собереме за кворум, па потоа ја прекинувам седницата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сакав да го образложам амандманот повеќе заради јавноста. Значи, се работи за следното. Во членот 45 од Предлогот за изменување и дополнување на овој закон за локални избори, во новиот член 43-б ставот 5 и во членот 47 ставот (в) и во членот 49 во новиот член 52-в, став 6, се предлага по зборот “записникот” , наместо запирката да се стави точка, а зборовите: “ и само така евидентираните забелешки можат да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет во жалбената постапка”, да се бришат. Ова од следните причини. Со прифаќањето на овој амандман се овозможува сите неправилности предвидени во законот, а кои што се појавуваат во текот на гласањето да бидат предмет на оцена во жалбената постапка. На претседателските избори во оваа година, а и на другите претходни избори ДИК и Врховниот суд и покрај очигледните неправилности предвидени со закнот не го поништуваа гласањето на избирачкото место и покрај евидентните неправилности во гласањето со едно единствено образложение дека во Записникот немало евидентирани забелешки. Познато е дека овластените претставници на претседателските избори оваа година многу често беа бркани од избирачките места, а со тоа и беа оневозможени да стават забелешки на записниците. Со прифаќањето на овој амандман сите неправилности кои што се предвидени во Законот, ќе бидат предмет на оценка пред надлежните органи, со оглед на фактот дека крајна цел претставува законитоста во спроведувањето на изборите и изборниот процес. Значи целта на овој амандман е да не се ограничува само на одлучувањето за правилноста на спроведените избори во избирачкото место само во поглед на забелешките кои што се наведени во записникот од резултатите од тоа избирачко место, туку да може тоа да се направи за сите оние повреди кои што се предвидени

во Законот за локални избори сосе сите негови измени и дополнувања. Иако, во овој Закон стои дека во рок од пет часа може, доколку му било забрането на некој од претставниците на подносителот на листа или на кандидат, да може да ги достави своите забелешки до Општинската изборна комисија. Ние сметаме дека најдобро ќе биде да не се поставуваат вакви ограничувања, тоа нека стои. Меѓутоа, факт е дека сите оние забелешки кои што треба да бидат ставени во записникот од избирачкото место да можат да бидат наведени во приговорот по однос на гласањето на тоа избирачко место и сите да бидат разгледувани и да биде утврдувана незаконитоста во однос на спроведувањето на изборите на конкретното гласачко место.

Ова се аргументите и ова се причините поради кои го поднесовме овој амандман и се надевам дека ќе наиде на позитивен односон на оддршка од страна на колегите пратнеици, затоа што се работи за нешто што претставува можност за законско спроведување на локалните избори. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара  збор? (никој)

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам, службите да го утврдат бројот на пратениците во салата.

Во салата се присутни 53 пратеници. По Деловникот ако немаме за кворум, треба да ја прекинам седницата. Јас ќе причекам 20 минути и ве молам кворумот да се обезбеди. Значи, сега е 14,12 часот до 14,22 часот ако нема кворум ја прекинувам седницата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Пребројте ги да видиме колку се присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници, еден пратеник гласал за, воздржани нема, а 56 пратеници гласале против.

Бидејќи, во салата се присутни 61 пратеник, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 за додавање четири нови става пред воведната реченица, поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи, никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, двајца пратеници гласаа за амандманот, нема воздржани, 57 пратеници гласале против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 за бришење став 3 и 4 поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, три за амандманот, нема воздржани, 55 пратеници гласале против.

Во салата беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39, алинеја 5 и за додавање нова алинеја 6, поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Стојановски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Амандманот се однесува на членот 36 од Законот кој што со Предлогот за изменување и дополнување на овој закон се менува и гласи дека изборната кампања не смее да се финансира со средства од Буџетот на Република Македонија, средства од буџетите на општините и на Градот Скопје, средства од јавни претпријатија и установи, средства од здруженија на граѓани, верски заедници и религиозни групи и фондации и средства од странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица. Целта на овој амандман е после зборот: “организации” , значи во последната алинеја наместо сегашниот текст кој што го прочитав да стои: “средства од странски влади, меѓународни институции, фондации, органи и организации на странски држави и други странски лица”. Значи, да се додаде зборот “фондации” и покрај овие организации фондациите да неможат, странските фондации да финансираат изборна кампања во Република Македонија за локални избори. После оваа алинеја да се додаде уште една алинеја која гласи “ средства од претпријатија со мешовит капитал каде доминантен сопственик е странски вложувач”, затоа што на овој начин , на индиректен начин може исто така странски капитал да се употреби за финансирање на кампања за локални избори. Се работи за допрецизирање на текстот кој што е предложен од страна на Владата. Сметам дека со ова само се подобрува текстот и дека не би требало да биде пречка за негово прифаќање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 4 пратеници гласале за, еден воздржан, 54 пратеници гласале против.

Во салата беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31во новиот член 29-а за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 5 гласале за амандманот, нема воздржани, 55 пратеници гласале против.

Во салата беа присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 поднесен од ЗПК.

Дали некој бара збор?

Тука гледам дека предлагачите се против овој амандман.

Предлагачот за член 16 став 2 поднесен од ЗПК веќе на самата комисија беше против.

Затоа, отворам претрес.

Кој бара збор?

Г-ѓа Цветанка Иванова, повелете.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Благодарам г-дине претседателе.

Бидејќи претставникот на предлагачот г-динот министер не го прифати предложениот амандман на ЗПК како претсадел и известител на ЗПК сакам да дадам образложени и да кажам врз основа на кои аргументи ЗПК го предложи овој амандман, за да можат потоа пратениците по свое убедување да одлучат по амандманот дали ќе гласаат за или против овој амандман. Со овој амандман кој се однесува на членот 16 став 2 од Предлогот, ќе го прочитам ставот 2 :"Членовите на органите за спроведување на изборите за извршената работа имаат право на надоместок, чија висина се утврдува врз основа на критериумите утврдени од страна на министерот за финансии".

ЗПК предлага зборовите: "чија висина се утврдува врз основа на критериумите утврдени од страна на министерот за финансии", да се бришат од следните причини. ДИК е највисок државен изборен орган. Орган кој што ги спроведува сите избори во Република Македонија и орган кој што гарантира законити избори во Република Македонија . Бидејќи, ДИК е единствен државен орган за спроведување на избори,

во сите изборни закони, пакетот од изборни закони се утврдени надлежностите на ДИК , па аналогно на тоа и во членот 11-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за локални избори утврдени се надлежности на ДИК и таму во ставот 1 точка 15 е утврдена надлежност на ДИК да донесува правилник и упатства за надоместок на изборните органи. Од овие причини, а заради преклопување на надлежностите сметаме дека зборовите: “чија висина се утврдува врз основа на критериумите утврдени од страна на министерот за финансии”, е потребно да се бришат, заради тоа што министерот за финансии како извршна власт нема надлежности во оваа област. Сигурно потребно е да споменеме дека навистина Буџетот согласно Законот за буџетите има утврдено постапка како се донесува, во која постапка учествува и министерот за финансии, таму се утврдува исто така ставка за расходи за избори и како што ви е познато ДИК поднесува финансова програма, по која исто така одлучува Собранието на Република Македонија .Значи, некаква опасност од евентуални злоупотреби на ДИК неможе ни да стане збор да има, бидејќи крајниот збор го има , сепак, ова Собрание. Сметаме дека овој амандман од овие аргументи кои што ги изнесов треба да биде прифатен. Но, сепак, оставам пратениците да одлучат сами со сопствено убедување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Најдовски, имате збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, сосема на кратко.

Сметам дека овој амандман што е предложен од ЗПК не треба да се прифати. Го поддржувам ставот на министерот. Ќе кажам неколку основни причини.

Прв, навистина е Собранието тоа кое што го усвојува финансискиот план на ДИК, меѓутоа често пати тие планови се усвојуваат или пред парламентарни избори или пред локални избори, па не отвараме расправа и како што беше случајот сега пред вонредните парламентарни избори, така што самите сме виновни, незавидувајќи им на тие членови што се во ДИК, но деновиве на радио слушнав дека претседателот на ДИК рече дека надокнадата му е осум илјади евра за овој месец ипол што работеле таму. Тоа ви е две годишни министерски или пратенички плати што се земаат со придонесите. Толку е надокнадата за месец ипол работа на членовите на ДИК

И сега, ако се прифати овој став односно амандманот на ЗПК ќе имаме случаеви за локалните избори да не ги спомнувам, но имаме општински комисии каде што претседателот и неколку од членовите си определуваат самостојно од

буџетот што го имаа за органите за спроведување на изборите, за надокнада за извршената работа си определуваа максимум колку што можеа за себе, а од друга страна, на другите, дали беа тоа избирачки одбори или не знам кои групи учесници, максимално мала надокнада.

Затоа сметам дека треба да се поддржи ставот што е предложен од Владата да министерот за финансии донесе критериуми врз основа на кои ќе може да се врши надокнада за извршената работа на членовите на органите за спроведување на изборите. Во спротивност имаме шареноликост од една страна, и ќе имаме апсурдни ситуации какви што имавме последниот пат со ДИК.

Јас се согласувам дека еднаш засекогаш, можеби законски да го решиме тоа прашање колку ќе изнесува надоместокот на органите за спроведување на изборите и на други комисии. Само потсете  се колку беше надокнадата на членовите на комисијата или како се викаше за пописи, која што на крајот, сите откажаа последниот ден, откажаа од резултатите, од не знам што при спроведувањето на пописот, а сите си ги зедоа парите  што некаде пишуваше 12-13 илјади евра. Колку е точно, не навлегувам во тоа.

Затоа сметам, со тоа би завршил дека не смееме да оставиме да некој субјективно го определува надоместокот и дека за тоа треба да постојат критериуми и граници во кои што може тоа да се движи. Уште еднаш се изјаснувам дека овој амандман на ЗПК не го прифаќам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика три минути госпоѓо Иванова, повелете.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Само на кратко, не зборував за утврдување на висина надоместокот, туку зборуваме за надлежност што се определува со закон. Буџетската ставка за расходи на изборните активности се утврдува со буџетот. Програма поднесува ДИК што ја усвојува Собранието,  висината на расходите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Најдовски имате право на контрареплика во траење од една минута.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Вие госпоѓо изгледа не ме слшавте што јас дискутирав. Јас зборував токму за надлежности. Зборував кој да определува колкав ќе биде надоместокот. Јас не зборував за нешто што не е во врска со законот. Ако не сте ме слушале, тоа е ваша

работа. Јас зборував точно дека не треба да оставиме субјективизам при определување на надоместокот. И, дека тоа треба да биде со критериуми, а во буџетот се утврдува само вкупната ставка колкава е. Веројатно знаете како се донесува буџет. Во буџет ја утврдуваме само вкупната ставка, не го разглобуваме поединечно буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 37 гласале за, 1 воздржано, 20 гласале против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 74, поднесен од ЗПК.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Реакција од пратеничката Иванова).

Веќе гласаме. Што не побаравте збор.

Во секој случај 4 пратеници гласале за, 2 воздржани и 26 против, од 32 вкупно пратеници кои гласале.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Сепак, молам да се утврди бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи сум известен во салата се присутни 64 пратенци, Констатирам дека Собранието  не го прифати амандманот, без разлика дали е беспредметен или не. Тоа е деловничка процедура.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 16 од Уставот на Република Македонија  овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, 57 пратеници гласале за, 1 воздржан, 2 против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Кој е против, молам да крене рака?

Нема против.

Дали има некој воздржан?

Еден пратеник е воздржан.

На седницата присуствуваат 16 пратеници од заедниците кои не се мнозинство.

За гласале 15 пратеници, 1 воздржан, а нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

**Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачки список, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

Ги молам пратениците да не ја напуштаат салата, бидете присутни, бидејќи имаме еден-два дискутанти, ќе треба да се гласа.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Јас би сакал да го кажам своето мислење во врска со овој закон.

Имено, овој закон се состои од само еден член, а тој гласи:

“Во Законот за избирачки список “Службен весник на Република Македонија” број 42/02 во членот 30 став 2 зборот “два” се заменува со зборот “три”“. И, ако го прочитаме членот 30 став 2 од постојниот закон, кој гласи:

“Државниот завод за статистика ќе продолжи да ја врши организационо-

техничката и методолошката обработка на податоците од избирачкиот список до конечно негово превземање од страна на Министерството за правда, но не подолго од две години (потенцирам), од денот на влегување на сила на овој закон".

Со оглед на тоа што овој закон беше донесен во 2002 година, значи две години, согласно на ставот 2 од членот 30 изминуваат токму во оваа година, значи 2004 година во јуни, затоа се донесува и ова пролонгирање на рокот, наместо на две на три години, бидејќи за овие две години не е направено преземање и организирање на обрабортката на податоците од избирачкито список од Државниот завод за статистика до Министерството за правда. Сметам дека во овие две изминати години Владата на Република Македонија требаше да го направи ова, што беше должна да го направи, согласно на законот. Значи согласно на член 30 став 2, а не сега кога веќе е дојдено еден месец пред истекот на рокот да предложи закон со кој што тоа ќе го направи. Воопшто не држат објаснувањата и причините поради кои што тоа не е направено. Наводно, така барем пишува во причините за донесувањето на законот, поради вонредните претседателски избори во Македонија.

Значи, ако работата се земеше сериозно и ако се почнеше уште од крајот на 2002 година, цела 2003 година, сега имаме пет месеци од 2004 година, сметам дека ќе можеше да се заврши таа работа.

И, што е уште поиндикативно, воопшто, во Законот, во Предлогот на законот во образложението воопшто не е наведено дали се почнати тие подготовки и до кој степен се стигнати. Значи, ако ние во постојниот закон се дадени две години, значи навистина требаат две години. Бидејќи воопшто ништо не е направено, можеби е направено, тоа треба да го каже министерот, бидејќи воопшто ништо не е направено, според ова што е кажано, значи ние наместо три би требало да кажеме четири години, бидејќи пак ќе ни требаат две години.

Предлагачот на законот реално го одредил времето за кое ќе треба да настане преземањето на податоците и методолошката обработка на тие податоци од Државниот завод за статистика во Министерството за правда. Сметам дека во најмала рака е несериозно од Владата што вака на некој начин ги одлага и пролонгира проблемите а воедно и нам, како пратеници, во Законот воопшто не ни дава објаснување зошто е тоа направено и дали воопшто е почнато преземањето и на тие податоци.

Сега се остава можност за луѓето да помислат дека со ова се сака и понатаму да се направат манипулации во врска со избирачкиот список. И во денешната расправа по претходниот закон беше кажана една од тие негативности што се во

избирачкиот список. И на самите вонредни претседателски избори се спомнуваше бројка од околу 200 илјади запишани избирачи кои воопшто ги нема. Дали се тие заминати, отселени во странство, дали се починати и сл., значи има многу аномалии кои постојат во избирачкиот список. Сметаме дека со преземањето од Државниот завод за статистика во Министерството за правда на некој начин ќе се направеше и исчистување на единствениот избирачки список врз основа на кој во Република Македонија се бира претседател, се бираат парламентарци, се бираат градоначалници, членови на советите на единиците на локалната самоуправа.

Значи, за една состојба, за еден документ како што е единствениот избирачки список што е навистина најзначаен за тие избори, ние имаме констатација дека тој избирачки список воопшто не одговара на реалната состојба што се наоѓа на теренот на Република Македонија.

Да не зборувам за поситни, можеби не толку значајни, меѓутоа, прават проблеми на гласачите во Република Македонија. Така што на многу места избирачи од едно населено место, или цело населено место како маало се запишани во изборно место кое не е вонивното место на живеење. Можеби е во соседното или во подалечното.

Ќе спомнам два примери што ги среќаваме во општина Гази Баба. Тоа е избирачкото место Колонија Идризово и избирачкото место во Идризово, исто така и во Јурумлери, жителите на овие три места гласаат на три избирачки списоци, меѓутоа ако е од Идризово може да гласа во Колонија и обратно. Тој број не е мал, многу е голем, што навистина претставува проблем за самите избирачи, не само поради движењето од едно до друго место, туку претставува проблем во изразувањето на нивната волја како населено место. Веќе секое населено место тежи да ја изрази својата волја кон одредена состојба при изборите и со тоа да добие одредена бенифиција од власта или не.

Истиот случај е во општина Гази Баба, во село Цврешево каде гласаат и жители од село Смиљковци и жители од село Виниче и тоа не мал број, туку многу голем број поради што треба исто така да се исчистат овие списоци.

Со еден збор се работи за документ што е многу значаен во Република Македонија, а сметам дека до сега, сите влади, како и оваа, воопшто не е посветено едно поголемо внимание на овој единствен избирачки список да тој навистина ја претставува реалната состојба во Република Македонија.

Особено е важно пред овие локални избори тоа што сега, при избор на градоначалници на единиците на локална самоуправа, да биде избран или да не

биде избран одреден градоначалник, некогаш одлучува и еден глас, исто како што во 2000 година, на претходните локални избори во општина Берово одлучи само еден глас дали ќе биде некој или нема да биде градоначалник во општина Берово.

Според тоа, сметам дека треба оваа работа да се земе многу сериозно ако сакаме да бидеме сериозни пред избирачите и пред граѓаните на Република Македонија. Инаку, пак ќе повторам, во спротивно Ќе се мисли и ќе се направи сомнеж дека, оставајќи ја состојбата ваква каква што е ќе значи дека власта, во конкретниов случај актуелната или било која наредна, со ова ќе сака да прави манипулација со избирачките списоци.

Исто така, сметам дека оваа власт воопшто не ни планирала 2004 година да се обиде да го направи преминувањето на организационо техничката методолошка обработка на податоците од единствениот избирачки список од Државниот завод за статистика во Министерството за правда, бидејќи за тоа се потребни материјални и кадровски ресурси. Знаеме дека во Буџетот за 2004 година воопшто тоа не беше предвидено во Министерството за правда, бидејќи и таму требаше да се преземат. Истото беше и со Буџетот за 2003 година. Значи, воопшто не се планирало да се прават такви активности. Ако ништо друго, барем да земеме поука, бидејќи сега ставаме една година наместо две години, во следниот буџет за 2003 година да се предвидат и материјални и кадровски ресурси, со што ќе знаеме сигурно дека се има желба, се има волја, се има намера да овој единствен избирачки список премине од Државниот завод за статистика во Министерството за правда. Со тоа преминување да настане расчистување на овој список.

Ние како пратеничка група сметаме дека Предлогот на овој закон воопшто не држи, бидејки сметаме дека ниту рокот е реален и нема да го подржиме овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас ќе се надоврзам на дискусијата на колегата Трајановски.

Прво, околу барањето на Владата на РМ поднесено до Собранието поднесено на 12.05.2004 година со кое се бара измените и дополнувањата на Законот за избирачки список, со Предлог закон, да биде ставен на седницата на 21.05.2004 година. Можеби точни се наводите дека не се работи за сложен и обемен закон, меѓутоа, не се согласувам дека е тоа така затоа што материјата која се уредува со овој закон и текао е сложена и обемна.

Со самиот закон за избирачки список, во член 1 од основните одредби стои дека со овој закон се уредува начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право и водењето на избирачки список. Со самиот член 1 е укажано на значењето и тежината што ја има законот за избирачки список и со кој Владата како и обично ни предлага само една измена и тоа е рокот од две години да биде пролонгиран за уште една година. Сега на мене навистина не ми е јасно зошто Министерството за правда, во периодот од 1.11.2002 година досега не успеа , со оглед на тоа што последните избори што ги имавме во РМ беа септември 2002 година, а согласно член 18 од Законот за избирачки список, Министерството за правда, во месеците февруари-јули подготвува анализа за состојбата во избирачкиот список, не нашло засходно да си ја изврши обврската што му е дадена со законот за избирачки список, а тоа е од Државниот завод за статистика да ги преземе организационо-техничката и методолошката обработка на податоците од избирачкиот список. Тоа сепак претставува една од надлежностите на Министерството за правда, со оглед на тоа што во член 7 од Законот за избирачкиот список децидно е наведено дека избирачкиот список го води Министерството за правда. Зошто за овие две години ништо не направило Министерството, тоа може да го каже само министерот за правда. Сметам дека не постои никакво оправдување за ваквиот ноншалантен однос на Министерството за правда кон една ваква важна материја, како што е регулирање на избирачкиот список и можните манипулации кои би постоеле во иднина, а и на претстојните локални избори.

Посебно индикативно е она што е наведено во причините, во последниот став на предлогот на Владата во кој се вели дека оваа година како изборна година во која претстојат редовните локални избори, а имаше и вонредни избори за претседател на РМ , не постои временски простор да е преземе и организира обработката на податоците. Јас незнам министерот дали знае, меѓутоа, тие вонредни избори беа во март 2004 година, а Министерството со новата гарнитура е од месец ноември 2002 година. Што го спречувало Министерството за правда да не го изврши овој оперативен зафат за кој понатаму вели дека имало потреба од подолг временски период заради техничка опременост и кадровска екипираност. Ако две години се мал период, тогаш јас навистина незнам што значи долг период за Министерството за правда. Така што ваквите предлози што ги дава Владата, или незнам кој орган постои сега во РМ , Влада во оставка, техничка влада. Со ваквите предлози како што ги поднесуваат и со менвуање на еден член , крајно несериозно се однесуваме кон една важна материја. Уште еднаш ќе повторам, или ќе го прочитам членот 1 во кој се

вели дека со овој закон , Законот за избирачки список, се уредува начинот и постапката на евидентирањето на избирачкото право и водењето на избирачкиот список. Во член 5 пак се вели дека врз основа на избирачкиот список се спроведуваат изборите за пратеници во Собранието на РМ за претседател на РМ, локалните избори и гласањето на референдум, на локално и на државно ниво. Од таквиот несериозен однос на Министерството за правда, можам само да кажам, како што кажа и колегата Трајановски, нема да го подржам овој Предлог закон. Министерството за правда во иднина, ако веќе сака да предлага закони, барем да бидат суштински закони, а не вакви со еден член.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре имате збор.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Би сакал некои работи да ги појасниме, по однос на овој закон.

Ведна на почеток да кажам дека не држат образложенијата или тезите дека се работи за несериозен пристап кон оваа и текако сериозна работа. Вистината е спротивно. Токму поради тоа што е сериозен проблем, ние како Влада предлагаме тој рок да се продолжи, со цел да не се случуваат проблеми или тестирања на една толку важна и исклучително битна операција.

Прво, да нагласам дека не се работи за тоа колку што значи квалитет или квантитет на самито избирачкисписок.

При донесувањето на законот во 2002 година беше утврдена одредба според која требаше сите работи што сега ги врши логистички Заводот за статистика, да поминат во Министерството за правда и тоа ќе биде направено. Замислете што ќе се случеше ако ние како Влада оваа година се зафатефме да ја спроведеме оваа и текако важна операција. Тогаш во таква ситуација би сакал да слушнам што би биле вашите коментари по однос на овој пристап за извршување на таа операција.

Друго што сакав да нагласам е следното: Недозволиво е во изборна година да се развие , а оваа година ни се случија и вонредни претседателски избори, на есен ќе имаме и локални избори. Замислете во изборна година Министерството за правда да се нафатеше , тој проект што веќе е готов во Министерството за правда , треба само да се реализира, да го спроведеше оваа година. Тој проект претходно бара тестирање за да се пушти во оптек. Така да сериозноста лежи во тоа дека Владата сака таквиот проект да го развие во неизборна година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате едн аминута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Можеби Министерството за правда го има изготвено проектот и треба да има проба на тој проект за избирачки список.

Се сложувам со фактот , за разлика од министерот, дека треба да има и квалитет и квантитет. Јас не велам почитуван министре за оваа 2004 година. Сами рековте дека Законот е донесен 2002 година.  Зошто Министерството за правда во текот на 2003 година, еве да не е 2002, од 1 јануари 2003 година досега не успеа да го спроведе тој проект и да го тестира за 2004 година, оваа изборна година, знаевме дека има локални избори. Проблемот е зошто досега не го стори тоа Министерството за правда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трајановски имате една минута реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека репликата на мене ми беше упатена со оглед на тоа што реков дека е несериозно во истекот од  втората година да се понуди пролонгирање на рокот за една година, а воопшто да не се даде образложение зошто. Сега минситерот се обиде да каже дека веќе е направен проект и тој се тестира. Сега некако срамежливо го кажа. Ако е тоа така, во ред е , нека го каже , дека тоа треба да се тестриа. Меѓутоа, се приклучиувам на мојата колешка Којзеклиска која рече дека ова е направено две години, рокот почнува од 2002 година. Значи не почнува се од оваа Влада, имало и претходна, па претходна. Значи ние секогаш ќе треба да ги надополниме активностите што сметаме дека се добри и да ги продолжиме. Значи цела 2003 година која не беше изборна, можеше тоа да се направи. Или ако е почнато министерот да кажеше ние сме ги почнале активностите, сме стигнале до тука, меѓутоа толку, не било добро предвидено времето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што претходно имав реплика, сега само на кратко.

Имам едно прашање до минситерот. Имено во постојниот Закон во член 4 се вели “за спроведување на гласањето на внатрешно-раселените лица, Министерството за правда ќе подготви посебни изводи од избирачкиот список, врз основа на евиденција на надлежните органи”.

Сега, за претседателските вонредни избори, или пак за парламентарните избори можеше и да се претпостави дека раселените лица, како што беше во случајот во Скопје , ќе гласаат на едно место. Значи се гласаше на едно избирачко место во општина Карпош, за сите раселени лица кои живеат или се со времено престојувалиште во Скопје. Меѓутоа сега состојбата е сосема друга. Ние сега бираме и градоначалник и совет на единиците на локална самоуправа, значи на општините. Се поставува дали раселените лица кои сега не живеат во местата на кои живееле пред раселувањето, сега живеат во некои прифатни центри , во друга единица на локална самоуправа, каде тие раселени лица ќе гласаат и на кое избирачко место и како ќе се сумираат резултатите, дали таму каде што се сега времено раселени, или пак во местото од каде биле раселени, од нивното постојано место на живеење, иако , морам да кажам, на овие претседателски избори имаше големи проблеми со раселените лица, тоа го гледав и од средствата за јавно информирање дека голем број од внатрешно раселените лица кога доаѓаат да гласаат на избирачките места, воопшто ги немаше запишано во изводот од избирачкиот список кој се однесува на внатрешно раселените лица. Би сакал да слушнам какво е објаснвуањето на минситерот дали на овие локални редовни избори вантрешно-раселените лица ќе гласаат за единицата таму каде што живеат или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за избирачки список.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 55 за , 1 воздржан, 2 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Бидејки во салата има 61 пратеник , го поништувам гласањето.

Повторно го ставам заклучокот на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 56 за заклучокот, воздржани нема и 3 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 52 гласале за, 1 воздржан и 2 против..

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлот на законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 57 за, воздржани нема и 3 против.

Во моментот на гласањето во салата беа пристуни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за избирачки список.

Збор има г-динот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, согласно членот 74 став 2 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, а со оглед на големината на точките што следат, предлагам преименување на дневниот ред.

Од точките на пакетот закони што се дојдени од Министерството за одбрана, прво да го разгледаме Предлогот на резолуција за развој и трансформација на одбраната, значи тоа би било точка 14, точка 15 да биде Предлогот за донесувањена закон за заштита и спасување и како 16 точка да се разгледа Предлогот за донесување на закон за управување со кризи.

Барам поддршка од 10 пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам предлогот на пратеникот на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

59 пратеника гласале, 56 за, 1 воздржан, 2 против. 64 се присутни.

Констатирам дека предлогот е усвоен и затоа ќе работиме по следниот редослед.

Следната точка ќе биде - Предлог на резолуција за развој. Господине Макрадули следете ме.

Предлог на резолуција за развој и трансформација на одбраната, потоа Предлог за донесување на закон за заштита и спасување со Предлог на закон и потоа Предлог за донесување на закон за управување со кризи, со Предлог на закон. Всушност на 14 место иде 16 точка и сега се поместува едно доле.

Преминуваме на точката 15 која носи наслов - **Предлог на резолуција за развој и трансформација на одбраната.**

Предлогот на резолуцијата со Програмата за трансформација на одбраната и Армијата на Република Македонија и Извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот Предлог на резолуцијата и прашувам кој бара збор?

Министерот за одбрана. Повелете.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете накусо да ви ја претставам Предлог-резолуцијата за развој и трансформација на одбраната и мотивите зошто инсистираме токму на оваа седница да се разгледа оваа Предлог-резолуција. Основниот мотив беше декларацијата која во текот на оваа седница ја донесе Собранието на Република Македонија со која декларативно Собранието на Република Македонија покажа и докажа дека сака да ги подигне на високо ниво релациите и соработката што ја има Република Македонија со НАТО алијансата.

Имајќи го тоа во предвид Владата на Република Македонија, Министеството за одбрана чувствуваше за потреба на оваа седница покрај Декларацијата Собранието да донесе и една резолуција со која ќе го поддржи еден од сегментите лна реформите кои ги прави Република Македонија која ја доближуваат нашата држава до НАТО алијансата. А тоа е резолуција со која ќе се поддржи развојот и трансформацијата на одбраната на Република Македонија. Ако на сето ова го додадеме и фактот дека утре од оваа собраниска говорница ќе се обрати и генералниот секретар на НАТО господинот Шефер мислам дека денеска во предвечерието на неговата посета е вистинскиот момент и Собранието како еден од битните сегменти во трансформацијата и приближувањето кон стандардите на НАТО кој ги правиме во развојот и реформите на нашата одбрана. Со оваа резолуција да ја покаже нашата цврста определба дека како што досега беше инволвирана Владата во подготвувањето на стратешките документи, пред се на стратегискиот одбранбен преглед со кој се направи ревизија на нашата одбрана се

постави визијата во кој правец ќе се развива нашата армија за да биде компатибилна со НАТО стандардите и незанемарувајќи ја улогата што ќе ја имаат сите институции во процесот кој претстои, предлагаме денес да биде донесена оваа Резолуција со која ќе биде поддржан планот кој во форма на програма за трансформација и одбрана на Армијата на Република Македонија го донесе Владата. Во Владата како еден сегмент од власта, не ќе може самата да ги истера докрај овие реформи. Клучна ќе биде улогата и на две други институции. На претседателот на државата, кој треба да ја пропише новата структура и формација и Собранието кое пред се имајќи во предвид дека е оној орган на власта кој ќе го донесува Буџетот за одбраната, но и оној орган како законодавна власт кој ќе треба да го хармонизира нашето законодавство, ќе биде еден од битните сегменти во понатамошниот развој и трансформација на одбраната.

Имајќи предвид дека во изминатите 18 месеци сите пратеници на Собранието на Република Македонија покажаа дека сме цврсто определени во остварувањето на овие стратешки цели, се надевам дека оваа резолуција ќе наиде на Ваша поддршка и затоа однапред Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Одиме понатаму.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на резолуцијата го ставам на гласање.

Простете, не бевте тука регистриран.

Господинот Трифун Костовски.

ТРИФУН  КОСТОВСКИ:

Благодарам.

Јас имав едно прашање минатиот фактички состанок, донесовме Декларација, сега имаме Резолуција. Јас би сакал навистина, тука е министерот да ми го објасни што тоа значи со Декларацијата, во кое што вели подигнување на односите меѓу Република Македонија и НАТО, на повисоко ниво. Кое е тоа адекватно повисоко ниво во структурите на НАТО и кое е тоа наше повисоко ниво од македонската страна. Навистина сум против декларации, резолуции, сум повеќе да работиме практично и прагматично. Не е двојбен нашиот став дека Македонија треба да биде членка во НАТО, нема двојство во размислувањето. Меѓутоа, сметам дека превише ни го одземаат времето господата со правење на резолуции и декларации.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Министерот за одбрана господинот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Према почитуваниот пратеник Костовски ќе се осврнам да одговорам на делот на прашањето кој е поврзан со предлогот кој го дава Владата за Предлог резолуцијата.

За декларацијата не би сакал да се мешам во работите на Собранието бидејќи Собранието, собраниските комисии ја предложија декларацијата која веќе беше усвоена.

Основот зошто ние бараме резолуција е даден во нашиот систем, во нашето законодавство каде што согласно членот 17, точка 10 од Законот за одбрана се дефинирани надлежностите на Собранието и ќе го цитирам овој член кој вели дека "Собранието донесува заклучоци и резолуции во врска со остварување на системот на одбрана, планови за развој на одбраната опременоста и борбената готовност". Имајќи го ова во предвид а истакнувајќи го значењето кое го има Собранието и кога ќе биде исклучително битно за понатамошниот развој и трансформација на Собранието Република Македонија побаравме и на овој начин со резолуција да биде докажана конкретно, бидејќи ова не е сега само декларативно. Подготвеноста на Собранието да биде дел од тимот кој ќе работи на приближувањето на Република Македонија во НАТО.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Спиро Мавровски, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господин претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам госпоѓа Станковска има реплика. На кого реплика. Е, па не може ако не е реплика, пријавете се за збор и ќе дообјасните.

Јас мислев во врска со таа декларација што ја донесовме прошлиот пат.

Како предлагач повелете.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Како член на Комисија за надворешна политика, иницијативата потекна од Комисијата за надворешна политика во која членуваат сите партии без разлика дали се позиција или опозиција, сакавме да искажеме поддршка на активности за Владата и заради тоа на Парламентот му ја предложивме декларацијата.

Со Декларација како Собрание ние навистина може и не можеме ништо да постигнеме, но со таа декларација ние јасно ја искажавме политичката волја и поддршка на активностите на Владата што ги прави за зачленување во НАТО.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Сакате да реплицирате господине Костов.

Повелете, имате 3 минути реплика.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Навистина би сакал да реплицирам,мислам во врска со Декларацијата и ако тоа прашање е веќе поминато, изгласано.

Подигнување на повисоко ниво господо, кое е тоа повисоко ниво? Дали Собранието фактички е соговорник со НАТО во врска со приемот на НАТО или е Владата? Поддршка е едно, меѓутоа НАТО си бара стандарди. НАТО бара одредени услови кој што, тука е министерот, и мислам дека најпластично тој ќе ни објасни што е тоа што мораме да го сториме во нашата организација на нашата одбрана. Да бидеме многу попрагматични, тоа ве молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, а нека се подготви господинот Трендафилов.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Се би било во ред кога би говориле за резолуцијата за развој и трансформација на одбраната. Собранието на Република Македонија по точка 1 одлучи да ја поддржи Програмата за трансформација на одбраната и Армијата на Република Македонија донесена од Владата на Република Македонија како документ со кој ќе се обезбеди завршување на започнатите процеси и документи од стратегискиот одбранбен преглед.

Собранието на Република Македонија цени дека со оваа Резолуција и започнатите процеси на трансформација покрај долгорочно ориентиран развој на одбраната ќе се обезбедат вистинси и реални насоки за транзиција кон хармонизција на законодавството, документите и процедурите за трансформација,

изградба, развој и ревизија на одбраната и вооружените сили компатибилни со НАТО.

Ова е она што ние денеска во Собранието на Република Македонија треба да го поддржиме.

Во меѓувреме, за да се поддржи оваа Резолуција, ние од Владата на Република Македонија ја добивме Програмата за трансформација на одбраната и Армијата на Република Македонија мај 2004 година од Владата на Република Македонија доставена до сите пратеници.

Сега би сакал нешто да прокоментирам во она што значи структура, во она што значи разгледување  и развој на Армијата на Република Македонија, сето она што е вклучено во НАТО структурите, се она што треба да значи евроинтеграции и вклучување на нашата армија во НАТО структурите. Сето тоа е во ред. Но, гледајќи она што ни е презентирано пред нас како документ, не би се согласил или апсолутно не се согласувам затоа што тука имаме табели, па би почнал од табелата број 3 - Преглед по национална структура на страница 14 од оваа Програма каде имаме набројано по ред преглед по национална структура албанец, бошњак, македонец, ром, србин, турчин, влав и останати каде 700 македонци се прекубројни, 139 албанци треба да бидат примени, па 20 срби да бидат избркани, па 22 турци да бидат примени и сега се прашувам дали ова што го гледам е она што треба да не донесе во НАТО структурите или ние едноставно се трудиме да направиме нешто со што ќе бидеме први и во НАТО алијансата каде националната структура во нашата Армија ќе биде одлучувачка дали некој ќе се произнесе да биде албанец, дали ќе биде македонец, бошњак, ром, влав, турчин или незнам што на места каде овие не се пополнети.

Мислам дека вака претставената табела каде имаме моментална состојба и проектирана состојба апсолутно не треба да коинцидира и сигурно не коинцидира со она што во моментот претставива НАТО алијансата и нивната воена способност и подготвеност.

Истото се случува и во однос на високото образование каде 440 македонци  ќе треба да заминат од службата да се вработат 88 албанци, 19 срби да бидат разрешени 14 турци да бидат вклучени и сега се поставува прашањето што со оние што немаат високо образование. Дали ќе можиме да пополниме овој број да го достигнеме сега некој да го запишеме на факултет, па во меѓувреме да заврши и да добие работа во Армијата на Република Македонија и на таков начин да стигнеме до нешто што ќе оди понатаму. За офицерите исто имаме ситуација, македонци 900 ќе

треба да ја напуштат Армијата. Од 1495 ние треба да стигнеме на бројка од 591. Јас сега незнам дали овие бројки што се презентирани тука е од последниот попис. Ако тоа е одлучувачки за Армијата и ако ова е начинот на кој што се понатаму во Република Македонија ќе функционира почнувајќи од судови, од здравство, од спорт, од незнам што друго, вклучувајќи ја и Армијата на Република Македонија, ние имаме голем проблем тука. Значи треба да вработиме 180 офицери со албанска националност, затоа што едноствно се албанци. Или 900 луѓе треба да си одат од Армијата затоа што се македонци. И сега како ќе говориме после тоа за една спремна армија која се обучувала со време, стигнала до некои ситуации и сега ова ние во Резолуцијата го прифаќаме. Викаме дека оваа трансформација и овој план што ни го нуди Владата, оваа програма е тоа што го прифаќаме со Резолуцијата. Јас господа мислам дека дали од незнаење, или пак можеби свесно се прави тоа, можеби јас сум во заблуда.

Исто имаме една моментална и проектирана состојба на офицерите по чинови. Се прави некоја пирамида која што важела за структурите на НАТО, но во секој случај ние неможиме на ваков начин да се откажиме. Тука имаме 123 плус потполковници. Сега има 250, значи повеќе од половината или половината треба да ги исклучиме од Армијата, да најдиме начин како тие да ги нема повеќе. Мислам дека тоа ќе претставува еден голем проблем, посебно во она што значело досега опремување на Армијата и во функционирањето нејзино во однос на она што значи стручна оспособеност на господата офицери и подофицерскиот кадар и примање на голем број на луѓе што првпат ќе бидат во Армијата на Република Македонија. Дали со тоа тие ќе постигнат квалитет кој што нас ни е потребен, се надевам дека НАТО алијансата на таков начин ќе ги бира партнерите, луѓе што имаат 10 годишно, 15 годишно искуство дека сигурно се многу поквалитетни во сите овие одбранбени проекти, отколку луѓе што ќе дојдат и што ќе почнат да работат од утре. Тука асполутно за мене и за било кој мислам дека не треба да има никаква дилема.

Значи се работи и во однос на професионалните војници, каде што ќе треба да се вработат повеќе од 1000 албанци, едноставно дали на овој начин ние правиме една армија за која што понатаму, господата од Владата и министерот во обуката кажува дека за да се постигне посакуваната компатибилност со НАТО, на изучување на странските јазици мора да се обрне посебно внимание, така да клучниот персонал и декларираните сили до крајот на 2007 година, треба да го владеат англискиот јазик.

Сега се поставува и друго прашање. Дали Армијата вака како што треба да биде со 25,17% од албански офицерски кадар и подофицери и незнам што, дали ние правиме сега две армии. Дали професионалните војници ќе бидат командувани и на македонски и на албански јазик, дали сите што ќе бидат во војска ќе треба да ги разбираат двата јазици, затоа што тука ќе се јави голема дилема. Еве последното обраќање на господинот министер од Советот на НАТО во Солун, кажа дека многу брзо во нашата армија ќе почне да се изучува и грчкот јазик, затоа што во многу ситуации и акции можеби ќе бидеме заедно со грчката војска. Тоа значи дека многу скоро, еве и бугарите влегоа во НАТО пактот па дали ќе имаме единица што ќе учи на бугарски јазик, па ќе имаме после одред на волци во Грција, одред на вци во Бугарија, па Србија ќе влези во НАТО пактот, така да мислам ќе дојдеме во една ситуација да едноставно Армијата на Република Македонија да се базира на соседните држави. И тука воопшто не е во ред затоа што прво нашите проблеми кои што ќе ги имаме во рамките на Армијата ќе треба да ги разрешиме.

Актуелниот состав апсолутно не носи никаков квалитет. Вие добро знаете дека Армијата секогаш треба да ги има, без разлика на националната припадност оние најдобрите, кои што ќе може да ја бранат и да ја одбранат државата и тука нема дилема. Во однос на опремувањето, кажувате дека Буџетот од прилика ќе биде тој истиот.

Од друга страна гледаме дека, во меѓувреме ние, оние тенкови што ги имавме ги уништуваме, за разлика од нас и Полска и Словенија се со истите тенкови во НАТО пактот и едноставно ги модернизираат и работат. Сега, ние дали не можеме да ги одржуваме, колкав е бројот на резервните делови што сме ги зеле 2001 година за да функционираат овие тенкови, за тоа исто треба да кажете вие, колкави се сите тие планови и што е тоа што понатаму Република Македонија ќе ја носи кон НАТО структурите. Ние имаме два хилихоптери кои што со две не дај Боже гранати да речам или ракети земја - воздух може да бидат уништени и ќе останеме апсолутно без ништо. Тука мислам дека треба да се посвети големо внимание. Видовме дека таа поставеност на Армијата и опременоста е она што може во еден момент битно да се одбрани државата.

Во однос на одржувањето на сите овие средства, знаеме дека е многу скапо. Но, тука едно време очекувам ако сме веќе блиску до структурите на НАТО пактот, дека тука треба да се бара поддршка и помош во однос на таа опрема и во одржување, бидејќи нашите два хилихоптери и она другото што го имаме ќе можат да бидат сервисирани од нивна страна.

Во однос на она што значат декларации, во однос на она што значи Буџети и како сето тоа е поддржано и како ќе се одвиваат буџетските средства понатаму, мислам дека не би сакал многу да дискутирам. Тоа е прашање и како ќе се одвива ова што ќе биде многу болно, отстранување на луѓето, вклучување на нови луѓе и вработувања, тоа е она што ќе биде предизвикот и за министерот и за Владата на Република Македонија. Значи, тоа би било до 2007 година кога треба да се завршат овие работи. Мислам дека така безболно не може да помине. Се работи за голем број на луѓе, луѓе кои долго време се во одбраната и дека ќе треба да се води посебно внимание. Значи, ова што ни беше предложено како декларација или ова што треба да го прифатиме, во однос на програмата за трансформација на одбраната и Армијата на Република Македонија, мислам дека секој од пратениците треба добро да го разгледа пред да го даде својот глас, затоа што ние амблок резолуцијата викаме дека ја носи Собранието на Република Македонија, но Собранието на Република Македонија кажуваме одлучува да ја поддржи програмата за трансформација која што ни е понудена од Владата на Република Македонија. После да не биде доцна, ние дадовме согласност за резолуцијата, но не се согласуваме со трансформацијата кога ќе дојдат тие проблеми, така да моите забелешки се токму во таа насока. Ќе треба да се размисли колку тоа брзо може и безболно да се реализира, за да можеме да стигнеме до ситуација да имаме права Армија, со која што би биле блиску до НАТО структурите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трендафилов, имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Минатата недела од Комисијата за надворешна политика слушнавме две различни мислења за една иста работа. Имено, кога господинот Стојановски се обидуваше да им укаже дека Владата на Република Македонија не презема апсолутно ништо за укинување или олабавување на визниот режим кој граѓаните на Република Македонија го имаат со земјите на Европската унија. Нашите колеги од СДСМ од парламентарното мнозинство, членови на Комисијата за надворешна политика излегуваа со единствената теза дека тоа сепак не зависи само од нас, тоа зависи бидејќи е резултат на билатерални договори, тоа зависи и од некој друг. Кога истата таа комисија за надворешна политика ја понуди пред Собранието на Република Македонија декларацијата за унапредување на односите меѓу Република

Македонија и НАТО, тогаш ние од опозицијата им укажувавме дека токму оваа декларација зборува за билатерални односи. Се обидовме да им укажеме, особено на колегите од Комисијата за надворешна политика, доколку не ни веруваат нас можат да го прашаат министерот за одбрана. Ние нема што повеќе да ги унапредуваме односите со НАТО, или ќе не примат, или ќе измислат уште една програма, за да ни дадат време да го достигнеме оној степен на минимум оперативност и усогласеност со системот на НАТО кој ни недостасува. Нешто слично како Програмата партнерство за мир. Зборувавме дека партиципираме и во мултинационалната мировна бригада, дека сме усогласиле многу закони, дека никоја структура, значи од највисокото до најниското ниво од НАТО, дали од цивилниот или од воениот дел, не рекол дека Република Македонија нема да биде членка на НАТО. Напротив, неколку големи работи кои се случија, особено во минатата деценија, тоа е влегувањето на Република Македонија во Програмата партнерство за мир и конечно, започнување на оперативни ниво со мултинационалната мировна бригада за Југоисточна Европа, изведувањето на првите вежби, почнувајќи од полигонот во Хаско, во партиципирањето на наши генералштабни офицери, подофицери во работата на Командата на таа бригада. Значи, тука е се' јасно. Сепак, членовите на Комисијата за надворешна политика инсистираа да остане декларацијата така како што е насловена. Значи, таа декларација е донесена само формално, затоа што регулира односи кои се од билатерална природа.

Денеска, на дневен ред повторно претставници од истата Комисија за надворешна политика излегуваат овде со евоцирање на спомени, зошто многу било потребно особено затоа што декларативно ниво да се предложи и да се поддржи таквата декларација, за денеска ние да зборуваме на дневен ред за прифаќање на резолуцијата за развој и трансформација на одбраната.

Јас сега не сакам да мислам дека Владата на Република Македонија максимално нечесно постапува со пратениците во Собранието на Република Македонија, затоа што доколку навистина оваа Резолуција треба да биде донесена со консензус, доколку на Владата на Република Македонија и особено на СДСМ им е значајно и пратениците во ВМРО-ДПМНЕ да ја подржат истата таа Резолуција, тогаш ние денеска не треба на дневен ред да ја имаме Резолуцијата, туку токму планот за трансформација на одбраната. Ние зборувам само за формата. Резолуцијата знаеме дека е документ кој е обврзувачки за органите на управата, за Владата на Република Македонија и тн. и тн., но ние денеска на дневен ред не треба да ја имаме Резолуцијата. Ако ова Собранието на Република Македонија реши дали

во целост ќе ја прифати, или со одредени измени Програмата за трансформација на Армијата и доколку почитуваните колеги од Комисијата за надворешна политика и понатаму мислат дека е потребна да се донесе Декларација или Резолуција, тогаш таа природно декларација или резолуција ќе произлезе од расправата доколку биде прифатен планот за трансформација на одбраната. Но, за жал, овде ни се сугерира прво да ја прифатиме Резолуцијата и со самото прифаќање на Резолуцијата која како документ е обврзувачки, ние автоматски го прифаќаме и планот без да расправаме како пратеници во Собранието на Република Македонија. Би сакал да излезеле од оваа можеби по малку непријатна ситуација, можеби овде пратеници располагаат со информации со кои ние во моментов ги немаме, но било како, јас мислам ако сакаме да зборуваме за Резолуцијата, треба да биде резултат на усвојување на Програмата за трансформација на одбраната. а не обратно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави, госпоѓо Станковска имате реплика или вие министре сакате први?

Повелете господине министре за одбрана. Имате збор.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Мојата интенција е интенција на Владата на Република Македонија да нема подметнување, туку да имаме чисти сметки за нашите стратешки интереси, ви сакал само кус коментар за да ги уверам ценетите пратеници дека Владата на Република Македонија нема никакви скриени намери, туку напротив, само го почитува системот кој во Република Македонија е воспоставен со поделбата на власта. Не би можела Владата да наметне обврска и задача на Парламентот што не е негова задача. Планови и програми за развој и трансформација на одбраната не е задача на Парламентот, тоа е задача на Владата. Но имплементацијата на тоа е задача на Парламентот преку носењето на законски акти и на вакви резолуции, со кои се поддржуваат тие напори. Ние и без да ја донесеме оваа Резолуција, веќе Парламентот е вклучен во трансформацијата на нашата одбрана и ни помогна многу за едно од прашањата за кои говореше пратеникот Спиро Мавровски, а тоа е околу безболниот начин на кој треба да биде рационализирана или намалена Армијата на Република Македонија.

Само да ве потсетам, пред нецели 10 месеци Парламентот донесе измени на Законот за служба во Армијата, каде што ценејќи ја положбата што ја имаат припадниците на Армијата има не само бенефициран стаж кој им е респектиран и загарантиран со Законот за служба во Армијата, туку и посебни услови со кои предвреме заминаа во пензија, затоа што интенцијата на сите овие реформи точно е да биде испоставен таков пакет со кој ќе биде гарантирана и нивната социјална положба. Затоа, уште еднаш би потврдил дека сето ова што денеска е понудено на Парламентот, има само една единствена цел и Парламентот да биде дел од тимот на Република Македонија кој треба да ја приближи Република Македонија кон НАТО. Во НАТО нема да влезе ниту министерот Бучковски, ниту Владата на Црвенковски или Костов, туку ќе влезе Република Македонија и сите институции во  државата, според ингеренциитез кои ги имаат, треба да дадат удел во сето тоа. Затоа, неслучајно ние понудивме резолуција не да затскриеме, за да не биде тоа на невидено, понудена е програмата, а имплементацијата на програмата, а во имплементација на програмата за дел од проектите мора да се вратиме во Парламентот. Кога ќе говориме за одржувањето, за модернизацијата, ќе го отвориме тоа прашање при усвојувањето на новиот буџет. Кога ќе говориме за новата структура и формација ќе мора да ја сочекаме одлуката на претседателот на државата. Кога говориме за понатамошно намалување на бројот на припадниците на Армијата, повторно ќе биде потребен Парламентот, бидејќи ние подготвувам неколку законски проекти, каде што дивестираме определени функции кои до сега ги имаше Армијата, за да не остане никој на улица, туку да се воспостави начин налик на стандардите кои ги има НАТО, каде што делот од логистиката, дел од тој интенданските задачи, функции кои сега ги има Армијата на Република Македонија се префрлаат на приватни компании и на конзорциуми кои ќе ја вршат работата кои сега ја вршат припадниците на Армијата.

Така, во ниту еден случај Парламентот нема да биде заобиколен во иднина при имплементацијата на програмата, а согласно Уставот, согласно законите, Владата на Република Македонија е таа која треба да ја понуди програмата.

Само кусо, бидејќи имаше неколку работи кои ги спомена пратеникот Мсвровски.

Господине Мавровски, командувањето во Армијата на Република Македонија ќе биде на македонски јазик. На Армијата на Република Македонија и треба соодветна и правична застапеност, бидејќи се покажа дека тоа е најголем гарант за стабилност и безбедност на државата, чувството дека е таа Армија на сите граѓани

на Република Македонија. Нас не ни треба да градиме Армија на македонците и да го имаме она чувство што го има дел од припадниците на помалите заедници во 2001 година. Ќе се изучуваат странски јазици и дека е тоа предуслов за да можеме да ги пратиме нашите војници, старешини на усовршување и ќе учат грчки јазик, затоа што имаме понуди во високите школи на Грација за четири наши офицери, подофицери, но ако не се знае грчкиот јазк не може да ги испратиме. Знаат сериозен број на наши војници, старешини англиски јазик и можеме да ги праќаме по американските, по англиските, по германските колеџи, но треба да се знаат и другите јазици. Затоа се учи и француски јазик, затоа се учи и германски јазик во Армијата на Република Македонија како предуслов за да можеме да бидеме компатибилни со сето она што е потребно. Бидејќи спомнавте во програмата и гледате имате право да дебатираме околу начинот на кој ја вршиме модернизацијата.

Врз основа на ревизијата која ја направивме де факто на Република Македонија, врз основа на безбедносните процени кои се направени, каде што учествуваше и Парламентот усвојуваќи ја, ова е се заеднички документ на Република Македонија, националната концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија. Ние направивме процена на безбедносните ризици. Веројатно сите сте свесни во опкружувањето на Балканот сега има поинаква клима, каде што потенцијалните агресори кои ги споменувавме во претходните стратешки документи, станаа сега наши сојузици и партнери и врз основа на тоа ние правиме проценка дека нема да ни требаат три тенковски батаљони, туку ќе ни треба еден тенковски батаљон. Толку од нас очекува НАТО да биде учеството кога ќе станеме полноправна членка. Имавме две варијанти, или да ги одржуваме старите тенкови за кои ќе трошевме дел од средствата кои може да ги префрлиме за модернизација или да постапиме вака како што беше заедничката одлука и на советодавниот и на НАТО и на нашите експерти. Но, во секој случај, сакам да ве уверам дека сето она што се прави, ќе се прави и понатаму, крајно трансфпарентно и многу битна ќе биде улогата на Парламентот, пред се на матичната Комисија за одбрана и безбедност која до сега, во сите законски проекти имаше клучна улога во дотерување и усовршување на дел од проектите кои дојдоа од Владата на Република Македонија.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Станковска, имате три минути реплика на господинот Трендафилов, а потоа господинот Трендафилов може да одбере или контра реплика или реплика на министерот.

Да завршивме со вашата дискусија.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе,

За информација на јавноста Комисијата немаше намера оваа иницијатива само декларативно да ја поднесе. Таа суштински го подржува она што прави Владата на Република Македонија, а верувам и Парламентот, со носење на оваа Декларација, не декларативно, туку и суштински ги подржува, а стратешките интереси на државата, а сигурно во овој случај за влегување во НАТО. Секој има право на сопствено видување и пласирање на информации според сопствената совест, но заради јавноста повторно, и за тоа се јавив, немам намера на колегата да му реплицирам, од Комисијата сите членови, без исклучок на партиската припадност, ја потпишаа оваа иницијатива, што значи сите се предлагачи на Декларацијата, не само пратеници од СДСМ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рамадани, имате реплика или дискусија?

Господине Спиро Мавровски, реплика, повелете три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас ценам што господинот министер се концентрира и одговори на поголем дел од дилемите. Мислам дека ќе имаме време да дебатираме и понатаму, да ја најдеме правата оценка и проценка за настанатите ситуации. Тој кажа дека во Армијата на Република Македонија ќе се говори на македонски јазик и ќе важи кирилското писмо. Сега, бидејќи со составот кој што тука го гледам веќе албанците ќе станат 25,17%, дали со ова не ќе имаат право и не ќе можат како што е запишано во амандманите и во Уставот, да биде јазикот кој што го говорат повеќе од 20% да биде официјален јазик. Мислам дека тие работи треба да бидат разрешени. За грчкиот јазик ако има четворица такви офицери, имало многу офицери што зборувале грчки па сега не можат да бидат во Грција, така да апсолутно, опкружувањето ако некој сега ни е партнер не значи дека утре нема да биде против нас. Затоа, проценката дека се гради дефинитивно на овие простори сеуште не е ништо дефинирано. Знаете и самите подобро од мене, дека допрва престојат многу

бурни настани кои можат да одлучат одредени моменти дали некој ќе биде и понатаму наш содружник во НАТО пактот или пак ќе се јават нови дилеми.

Значи, основата работа господине министре е проценката. Тоа е најбитната работа која што како Армија и како Владата на Република Македонија ќе треба да имаме во права насока и во секое време, затоа што од една погрешна проценка дали тоа ќе бидат три тенковски баталјони или еден тенковски баталјон, може да зависат многу работи. Да се надеваме дека повеќе нема да ни случуваат такви работи, но во секој случај затоа е проценката и затоа е одговорноста.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Ѓорѓи Трендафило, а нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас прво, веќе е смешно овие обиди понекогаш да се прикаже некаква позиција за и против, но тоа е мислење и работа на оние кои се поборници на таквиот начин на дискусија, затоа што очигледно и нема што друго да ни понудат овде како пратеници.  Едно од прашањата кои треба да биде завршено без оглед дали трансформацијата е започната од овој министер или ќе ја заврши друг министер, или било кој ја започнал е прашањето на модернизацијата и трансформацијата на нашите единици.

Планот завршува со заглавието - Конверзија на имот.

Јас знам една бројка кој е тој имот кој, како што се вели спаѓа во несуштествениот дел на одбранбениот комплекс, кој треба да биде одвоен од системот на одбраната за да се растовари буџетот на Министерството за одбрана. Тука нема проблем. Значи едеата и намерата се јасни, но ме интересира со колкав имот располага армијата, односно дел од тоа што треба да се ослободи од системот на издржување од буџетот на Министерството за одбрана се обработливи земјишта, пасишта, домови на армија, делови на простори, било каков имот кој се наоѓа на територијата на Република Македонија. Не сум ни сигурен дека треба на една ваква седница да излеземе тука и да расправаме за висината на имотот кој е сопственост на Армијата на Република Македонија. Но ова е една од причините зошто велам дека треба да се фокусираме и да работиме на планот за трансформација на армијата, а доколку почитуваните колеги од Комисијата за надворешна политика

инсистираат тоа да биде крунисано со резолуција, јас ќе ја поддржам таквата резолуција. Но велам, нашата примарна обврска треба да биде планот за трансформација. Овде во овие четири пасуси навистина знам само дека тој процес е започнат и треба да заврши, за да се растовари буџетот на Министерството за одбрана, да се фокусира на примарните обврски како што е кај повеќето армии од земјите членки на НАТО и на некои од нив кои не се членки на НАТО но се дел од Партнерството за мир, како што е Армијата на Република Ирска, актуелниот претседавач со Европската унија и што досега имаме како резултат од оние документи кои како Собрание и како Влада биле донесени во минатото, конкретно оние забелешки кои произлегуваат како резултат само на припадноста, националната припадност или некаква друга припадност, дел од нашите офицери се доведени во ситуација да имаат проблем затоа што подофицерите, на пример околу 200 кои завршија во Велес, многумина, и тоа луѓе кои се вработени во цивилната сфера или воениот дел на Министерството за одбрана велат дека едноставно претставува проблем затоа што степенот на обуката, колку и да се инструкторите добри, е обратно пропорционален од подготвеноста на претендентите да се стекнат со чин подофицер. Овие прашања, порано или подоцна, на еден или друг начин ќе ги отвориме пред јавноста. Ако тоа го направиме, ако нашата енергија како Собрание, како владини службеници кои работат во Министерството за одбрана, го правиме во еден нормален процедурален ред, значи знаеме од каде почнуваме и до каде сакаме да стигнеме, тогаш енергијата ќе биде насочена во рамките на таквата постапка. Но доколку оставиме впечаток дека дел од парламентарното мнозинство или Владата се обидува - на пример, кај мене ако остави таков впечаток, јас секако дека ќе се спротивставам, па потоа овде ќе излезе еден, двајца јуришници, ќе почнат да зборуваат вие сте против НАТО и слично, што е апсолутно смешно. Значи нашата намера е да зборуваме во рамките на една процедура, а ние имаме доволно процедури и во Собранието и во Министерството за одбрана и во Армијата за тоа да се направи по канален ред за да ја завршиме работата која сите сакаме да ја завршиме. Дали на некого овде тоа му се допаѓа или не му се допаѓа, на почетокот на 90-тите години, во минатата деценија, Собранието на Република Македонија донесе Декларација за зачленување во европската заедница тогаш и во НАТО - алијансата тогаш и од тогаш до ден денес работиме и како Влада, без оглед кој е на власт, и како Собрание кој е парламентарно мнозинство а кој не, да ги усогласиме нашите интерни состојби, националното законодавство, нашиот економски систем, квалитетот на живеењето согласно стандардите на овие две организации кон кои

сакаме да се приклучиме. Затоа, тврдам дека треба да зборуваме за планот, а не треба да зборуваме за резолуцијата, затоа што има отворени прашања и јас не би сакал да излегувам со бројки и со натамошни претпоставки, тоа што мене ми е како дилема, затоа што тоа не го измислувам, исто како што министерот за одбрана излегува со Програмата за трансформација, која сепак е резултат на луѓе со име и презиме кои работеле на таа програма. Одредени недостатоци во смисла на недоволно податоци, на недостиг на информации во конкретни делови од оваа програма треба да бидат или не треба да бидат предмет на расправа од ваков тип, за тоа треба да одлучи Собранието. Но во секој случај, зборувам во насока дека треба да го искористиме механизмот на Собранието и да зборуваме за програмата, од која како што реков јас ќе ги поддржам колегите од Комисијата за надворешна политика, доколку сакаат да донесеме резолуција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Никола Апостоловски имате реплика, повелете три минути.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас ќе му реплицирам на колегата Трендафилов во делот што го спомна околу прашањето за трансформација на одбраната дека овие прашања не се отворени. Не е вистина дека не се отворени. Прашањата за трансформација на одбраната се отворени уште на 11 јуни 2003 година, со донесување на Националната концепција за одбрана. Значи прашањето е отворено, дефинирано и во делот што тој го спомна околу трансформацијата на буџетот на одбраната, би му посочил на г. Трендафилов да ги чита сите документи кои се доставуваат до Комисијата за одбрана и до пратениците, стратегиски и одбранбен преглед во делот "Приоритети и насоки за трансформација на одбраната и Армијата на Република Македонија" во точка 42, каде точно се дадени насоките и реализација на трансформацијата на буџетот во одбраната и тоа по години и како оваа трансформација ќе се изведува. Затоа, мислам дека некој дава паушални оценки и дискусии само за да се јави за збор.

Уште еднаш кажувам и јавно се заблагодарувам на министерот за одбрана што има доблест да ни достави такви документи и на Комисијата за одбрана, а особено на сите пратеници, за да имаме целокупен увид во трансформацијата на Армијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика за г. Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господинот Апостоловски како човек кој знам дека доста чита се надевам дека ќе ми одговори, бидејќи јас не читам толку како него, на колку пари е проценет имотот кој треба да се одлее од Министерството за одбрана до 2007 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Рамадани, имате збор.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министре,

Резолуцијата која денес ни се претставува, се разбира и во име и на претседателот на Парламентот како и од целиот Парламент, која доколку се усвои, а јас се надевам дека така ќе биде, има намера во одредена смисла пратениците да ја искажат својата согласност за програмата во врска со трансформацијата на одбраната и Армијата на Република Македонија.

Ние треба да бидеме свесни и взаемно да се потсетиме како пратеници, независно што можеби нашите ставови се разликуваат во одредени нијанси, но со самиот факт што кога е потпишана и парафирана Јадранската повелба, во дел од текстот на таа Јадранска повелба стојат и обврски за Парламентот и самиот Парламент презема обврска да ги помогне реформите и трансформациите кои треба да се направат во Армијата, односно во одбраната, со цел да напредуваме кон реализација на нашата цел за зачленување во НАТО. Не треба да заборавиме дека пред многу години и многу пати како парламентарни групи, преку координаторите и парламентарните групи, многу често сме се декларирале сите парламентарни но и не парламентарни партии за нашата обврска и нашето залагање да станеме членка на НАТО. Во моментот кога сме го декларирале тоа, сме требале да знаеме почитуван колега дека еден ден ќе дојде моментот и времето кога треба да одговориме на критериумите и стандардите кои треба да ги почитуваме, односно реформите и трансформациите, со цел да ги постигнеме тие критериуми потребни за да станеме членка на НАТО.

Следствено на тоа треба да разбереме и една друга работа, имено, дека реформите и трансформацијата се болни како во однос на реформите во Армијата и одбраната, но исто така и во однос на реформите кои се однесуваат на цивилната компонента, со што ќе ни биде дадена можност да станеме членка на НАТО. Како пратеник можеби со поголемо задоволство би говорел за цивилната доктрина, меѓутоа, бидејќи пред нас имаме документ и програма од Министерството за одбрана, односно Владата, тогаш треба да бидеме свесни дека сето она што е

направено, јас сакам да верувам дека е направено на професионален начин со експерти, со луѓе кои на перманентен начин го помагале Министерството за одбрана, со цел да се опфатат оние критериуми и стандарди кои овозможуваат побрзо напредување кон членството во НАТО. Значи, и ние треба да ги извршиме нашите задачи и обврски.

Јас лично и исто така и како претставник на ПДП стојам зад изјавите кои сме ги дале одамна, и како некогашна парламентарна група и како партија во однос на тоа што значи зачленување во НАТО и со оглед на тоа дека оваа определба, за среќа, и кај нас е комплементарна со нашата определба за зачленување во Европската унија, посебно делот кој се однесува на демократизација на државата, изградбата на демократските институции, борбата против организираниот криминал и корупцијата, подобрувањето на економскиот развој итн.

Со оваа резолуција, со оваа програма што ни е предложена сега ни се става на знаење точен и прецизен начин дека треба да градиме мултиетничко општество, општество кое сега се одразува во институциите на државата, а институција на државата е и Министерството за одбрана. Не може да се гради мултиетничко општество само на апстрактен начин, да речеме, еве ние сме се определиле за мултиетничко општество и нашата држава ќе биде успешна во изградбата на мултиетничкото општество, дека ја поддржуваме таа и таа опција за изградба на мултиетничко општество и во моментот кога на таксативен и конкретен начин се говори за институции, односно трансформација и реформа на институциите, тогаш веднаш ќе ги искажеме нашите резерви. Постојано треба да го поставуваме прашањето, доколку националната структура на пример на армијата, која утре ќе биде дел од тоа што претставува НАТО, има национална структура која ја одразува реалноста на Македонија, дали се зголемува безбедноста на државата. Јас сум убеден дека е така - да. Со едно симболично подобрување и во редовите на армијата во командниот или војничкиот дел, секојдневно сум сведок на моментите кои ни укажуваат дека државата се повеќе се стабилизира и доколку тоа е вистина, ние секојдневно ќе бидеме уверени во таа вистина, зошто да не поддржиме нешто што обезбедува стабилност, а стабилноста апплицира и подобрување на тоа што значи секојдневен живот.

Што се однесува до реформите кои се однесуваат директно на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, ние како пратеници и да сакаме на сериозен и конкретен начин, не можеме да го дадеме максимално нашиот придонес затоа што таму има работи со кои не сме запознати,

одредени аспекти на начинот како се прави тоа. Меѓутоа, знам дека во принцип треба Парламентот да ги поддржи тие реформи. Реформите се тешки, меѓутоа, има други што ги спровеле тие реформи. Сакам да дадам пример во таа насока. Романија од 70 илјади војници дојде на 21 илјада војници - не знам дали е точно, министерот може да ме исправи. Замислете, за да се постигне таа бројка какви реформи требало да се направат во рамките на таа армија, колку тие биле болни. Меѓутоа, и покрај тоа, јас сум уверен дека оваа реформа која треба да се направи кај нас за да се постигне бројка од 8 илјади војници - јас сум уверен дека оние луѓе кои ќе бидат опфатени со реформите и трансформацијата во армијата нема да останат без грижата на самите институции на државата. Затоа, така треба да гледаме на работите. Инаку, доколку одржуваме статус кво ситуација, нема да има напредок во насока на реализација на нашата цел. Можеби некој што е подобро запознат со овие реформи и овие работи кои се однесуваат на армијата можат да дадат поголем придонес, меѓутоа, што се однесува до надлежностите или во рамките на надлежностите на еден пратеник или парламент, јас мислам дека ние имаме обврска, а тоа сум го кажувал преку активностите на евроатланскиот дел каде што бев ангажиран и многу често сум повторувал дека и ние како Парламент таму сето тоа што го предлагаме во однос на трансформација и реформи на армијата и одбраната и сето тоа што придонесува за нивна модернизација и приближување кон НАТО, ние како парламентарци ќе ја искажеме нашата согласност, односно позитивен глас со цел на ниеден начин Владата или Министерството за одбрана, при ниеден коментар да нема право да каже дека Парламентот ги одолговлекува работите и Парламентот е тој што сноси дел од вината што ние нема да го добиеме првиот пас на Инстанбулскиот самит во Инстанбул или како што е нашата цел во 2007 година да имаме полноправно членство во НАТО.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рамадани.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците присутни во салата.

Во салата се присутни 55 пратеници, 10 минути мораме да чекаме.

Сега во салата се присутни 59 пратеници, чекаме да дојдат уште двајца.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски, јас ги ценам вашите напори да го обезбедите присуството на Парламентарното мнозинство, за да има кворум да се решава на пленарните седници, но би обрнал внимание дека далеку сте пофлексибилни со оние 10 минути колку што на вашите сопартијци им треба да го најдат своето место овде. Додека оние три до 5 секунди за реплики понекогаш се насочени само кон пратениците од опозицијата. Мислам временската дистанца малку да ја прилагодите и кај едните и кај другите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, јас можеби воспоставувам некои правила.Вие да бевте во мнозинство ќе ве чекав 10 минути исто така за да направите кворум. Но, интересно е дека истото тоа ми го забележува и позицијата.

Предлогот на резолуцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, 65 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе резолуцијата за развој и трансформација на одбраната.

Минуваме на точката 15. - **Предлог за донесување на закон за заштита и спасување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред Вас се наоѓа еден од законските проекти со кои продолжува трансформацијата и развојот на одбраната на Република Македонија. Пред вас е законот со кој треба да се подобрат состојбите во областа на заштитата и спасувањето од природни непогоди, техничко технолошки и слични катастрофи. Со овој закон кој треба да започне да се применува од 1 јануари 2005 година максимално доаѓа до израз и принципот на децентрализација кој е еден од основните причини зошто постоечката досегашна регулатива, т.е. законот за заштита од елементарни непогоди Службен весник на Република Македонија од 1977 година се изменува и дополнува со што се овозможува компатибилност на

нашето законодавство со сите оние препораки кои се во духот на Женевските конвенции за извршување на хуманитарни активности и задачи за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра не само за време на воена состојба, туку и за време на мир. Имајќи го сето ова во предвид, имајќи ја во предвид и определбата која минатата година ја покажа Парламентот носејќи ја Националната концепција за безбедност и одбрана, во овој стратешки документ беше навестено донесувањето на ваков закон со кој ќе се обедини противпожарната заштита и цивилната заштита кои досега беа во ресорите за внатрешни работи, односно одбрана.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитувани колеги, почитуван министер, претставници на Владата, една од темелните вредности на Уставниот поредок на Република Македонија е уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата, како и унапредувањето на животната средина и на природата што претставува и правен основ за уредување на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра во мир. Прашањето за заштитата и спасувањето во мир во изминатиот период како што истакна и министерот беше уредено со Законот за елементарни непогоди донесен уште далечната 1977 година и некои други подзаконски акти со кои не беше постигнат соодветен степен за организирање и уредување на заштитата и спасувањето како на граѓаните така и на материјалните добра. Донесувањето на овој закон е навистина потреба. Со понудената содржина на предокот на законот за заштита и спасување реално се нуди решение во остварувањето на оваа мошне важна задача и тоа според светските искуства и стандарди што постојат во оваа област. Тоа е од една страна, а од друга истовемено претставува и реализација на националната концепција за безбедност и одбрана во делот на заштитата и спасувањето на материјалните добра. Со донесувањето на овој закон се организира единствениот систем на заштита во Републиката, односно имаме практично обединување на цивилната заштита и противпожарната заштита со што се надминува досегшната нормативна дефинираност и се елиминираат сите недоследности кои се појавуваат при примената на мерките за заштита и спасување во конкретните случаи во изминатиот временски период.

Посебно за одбележување во овој предлог на закон за заштита и спасување е што ги уредува сите сегменти во оваа област, а за прв пат што не беше случај во

изминатиот период, ги уредува и проблемите со прво, процена на штета и помош во отстранувањето на последиците од природните непогоди, епизотии, епифотии и други несреќи што ги обезбедува државата.

Второ, ангажирањето на меѓународни сили за отстранување на последиците од настанатите непогоди и други несреќи.

Трето, мошне важно, можноста општините да остваруваат преку гранична соработка со општини од соседна држава чии подрачја граничат во реализација на активностите за заштита и спасување што во изминатите периоди навистина имаше проблеми особено пограничните општини при појавата на елементарните непогоди и пожари. Од тие причини ќе го поддржам законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за заштита и спасување.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 64 гласале за, нема воздржан нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 170, член 19 за менување на став 4, и на член 161 став 1, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 2, точка 7 и 12, член 4 став 2, член 5 алинеја 3, член 8 став 1, член 11 став 3, член 12 став 1, член 13 став 1, член 16 точка 1, член 18 точка 1, член 23, член 26 став 2 и 6, член 29 став 1, член 55 точка 1, член 58 точка 3, член 61 точка 13, член 63 став 1 и 3, член 73 став 2, во називот на главата 12, член 120 за бришење на член 121, на член 126 став 2, член 157 за бришење на

став 1, и за бришење на член 160 со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам пртресот по текстот.

Предлогот на Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 63 гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за заштита и спасување.

Минуваме на точката 16 - **Предлог за донесување на закон за управување со кризи, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Кој бара збор?

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред вас се наоѓа Предлогот за донесување закон за управување со кризи, со Предлог закон, еден од крупните законски проекти кој подолго време се подготвува во Министрството за одбрана и во неколку други ресорни министрства кој уште не е влезен во Владина процедура веќе беше на тест пред експертската, пред стручната јавност и кој уште не е влезен во Собраниска процедура веќе предизвика сериозно внимание кај домашната јавност. Затоа дозволете како еден од претставниците на Владата да ги претставам причините зошто Владата се реши да предложи ваков закон и која ќе биде користа од носењето на вакви законски решенија. Најпрво, за волја на вистината бидејќи оди во духот на она што претходно го говореа некои претставници од опозицијата, овој законски проект во Министерството за одбрана почна да се работи во мај 2002 година, за време на претходната Влада беше прифатен да се доработи од експертска меѓуресорска работна група во која учествуваа г-динот Китановски, од кабинетот на претседателот на Владата, претставници од Министрството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, но и по посебна меѓуресорска работна група која требаше да и помогне на Владата преку организирање на јавни дебати, стручни расправи и да дојде до најсоодветниот модел кој би и помогнал на Република Македонија да ги надмине слабостите во безбедносниот сектор кои беа најевидентни за време на кризата од 2001 година.

Намерно го користам терминот кризата од 2001 година, бидејќи во изминатите 18 месеци, а и претходно за 2001 година и за сето она што ни се случуваше беа и во овој Парламент поставувани многу прашања. Согласно нашата легислатива, согласно нашиот Устав бидејќи не беше од страна на Собранието, од страна на претседателот на државата прогласена воена состојба ние кризата од 2001 година, не ја дефинираме како воена криза и импликациите од сето тоа во надоместувањето на штетата, другите последици од сето тоа се сосема поинакви, ако тоа беше војна која со одлука на Собранието со двотретинско мнозинство како што бара Уставот би била прогласена. Бидејќи има уште една Уставна категорија, а тоа е вонредна состојба каде Што исто така, се бара двотретинско мнозинство од Парламентот и која за разлика од воената состојба каде што се дефинирани под кои услови може да се прогласи воена состојба, исто така, ако е таму непосредна опасност од загрозување на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија како причина за воената состојба, кај вонредната состојба се природни непогоди, елементарни непогоди кои имаат такви размери што мора да се прогласи на целата територија на Република Македонија вонредна состојба која временски е ограничена од 30 дена. И, оттука натаму имаме веќе празнина што во случаи како што беше 2001, што во случаи како што имавме минатата година во Кумановско-липковскиот регион кога има елементи кои заличуваат на состојба која не е нормална, која ги надминува капацитетите на определени институции и органи и кога е потребна подобра координација и меѓусебно интегрирање на повеќе структури за да биде управувано со кризата односно таа да биде менаџирана. Искуството кое го има Република Македонија од 2001 година со адхок формираното тело кое требаше да ја менаџира кризата, всушност беше пресликан модел кој се применува во другите демократски земји, пред се беше пресликан британскиот модел кој го имаат и унгарците како еден од најуспешните модели во регионот и кој функционираше онака како што функционираше, да управува со кризата, и да може да ја санира најдобро што може без законска регулатива. Значи, во рамките на надлежностите кои ги имаат дел од министерствата, со одллука на Владата беше покривана една законска празнина. Имајќи го сето тоа во предвид предлагачите излегуваат со предлог, како најпрвин да биде дефинирана, во поимникот ќе видите се дефинира што е криза и кризна ситуација и како се покренува механизмот за да биде управувана таа криза. Морам да признаам дека многу од забелешките кои во меѓувреме стигаа од различни страни беа инволвирани, имплементирани во текстот кој денеска се наоѓа пред вас. Само за ваша инфорамција, ова е еден од ретките

законски проекти кој уште пред да влезе во Владина процедура беше организирана јавна трибина, јавна дебата, еден од законските проекти кои имаа можност да го погледнат сите поранешни министри за одбрана и сите поранешни началници  на Генералштабот и да расправаат за потребата од донесување на ваков закон. Потребата е несомнена. Решенијата кои се овде денес пред вас се правени во консултација со експертите  но и со претставниците на поранешниот кабинет  на поранешниот трагично загинат претседател Трајковски кој заради можноста која ќе се овозможи со овој закон во определени случаи да биде користено и учеството на Армијата за решавање, за управување, менаџирање на кризите предизвика уште во таа претходна фаза потреба од дополнителни консултации и изградување на такви заштитни механизми каде што ќе се спречи злоупотребата на Армијата. Второ, нема да се погази уставното и законско начело во поглед на командувањето со Армијата.

Последната задача која беше поставена пред предлагачите на законот, беше како да се засили улогата на Парламентот и како и Парламентот како една од клучните институции во нашата државна власт да биде инволвирана во управувањето со кризите. Една од интенциите која беше на почетокот да можеби постои можност, наместо управувачкиот Комитет и Владата во процесот на одлучувањето дали некоја состојба е криза да биде инволвиран и Парламентот беше напуштена заради светските искуства и заради природата на ризиците и опасонстите кои се јавуваат и кои бараат пронтно веднаш да се реагира. Затоа, не се пристапи кон решение кое е веќе предвидено во Уставот, а то а е уставниот механизам како се прогласува воена или вонредна состојба. Значи, за воена и за вонредна состојба ако размерот на овие опасности е таков врз основа на известувањето кое ќе стигне од Владата, тоа може да биде доволен мотив Парламентот да ја корегира Владата и наместо одлуката дека станува збор за криза и кризна ситуација Парламентот да расправа и да прогласи воена или вонредна состојба.  Со самото тоа што во целиот низ на настани преку поделбата на надлежностите што ги имаат различните институции, што тоа што го вметнавме и Парламентот како институција која ќе биде запозната  со Одлуката на Владата даваме можност во таа почетна фаза Парламентот да расправа за сето тоа и да донесе поинакво мислење.

Второ, со тоа што по завршувањето на операцијата за управување со кризата ќе треба да биде известен Парламентот, се отвора простор за преиспитување на одговорноста на сите оние кои евентуални би се дрзнале да ги злоупотребат

инструментите на власта, пред се, армијата, затоа што тоа да речеме испадна топ тема.

Трето, со строгото дефинирање на обемот на силите, на начинот на кој ќе се користат, имајќи предвид дека не секогаш ќе има констелација, како што е сега да речеме и претседателот на државата да биде од иста политичка опција или од иста политичка групација, оставена е можноста Одлуката на Владата за предлагање да се употреби армијата во управување со кризата да биде одбиено од страна на претседателот како врховен командант.

Да не должам многу, бидејќи веќе имаше најава дека овој законски проект ќе предизвика интерес и ќе имаме сериозна расправа, која верувам со респектирање на сите аргументи, на крајот би додал дека целиот овој проект кој е започнат во мај 2002 година, на кој интензивно се работи последните 16 месеци, меѓувреме беше верифициран од повеќе експерти. Последната експертиза на законскиот проект кој го нудиме беше од САД каде што експертскиот тим кој работи на овој проект беше и таму уште еднаш да ги провери механизмите за управување со кризите. Морам да признам пред вас тоа се македонските специфики . Има една единствена забелешка, а тоа е спориот механизам на покренување на целиот овој систем. Мора да се респектира тоа дека Македонија е 3 години по кризата од 2001 година кога сеуште треба меѓусебе да ја градат најголемата заедница и втората по големина заедница, доберба и во сферата на безбедноста. Затоа, вметнавме повеќе решенија каде ќе се земе предвид и елементот на соодветна и правична застапеност, за да нема впечаток били кој граѓанин на Република Македонија дека некој во групата за процени или во управувачкиот Комитет ќе направи за да бидат злоупотребени инструментите на државата за елиминирање на било какви закани.

Второ, вметнувајќи го во последниот момент и Собранието свесно за да бидат сите институции кои се клучни во функционирањето на државната власт вметнато во овој процес на управување со кризата имаме еден модел кој во понапредните демократии многу попротно функционира, затоа што и довербата е голема и никој не се дрзнува во современите модерни демократии да ја злоупотребува не полицијата, а камо ли армијата. Имајќи предви дека сметав дека ова е неопходно на почетокот да го кажам, го задржувам своето право повеќе пати во дискусијата да комуницираме со пратениците со аргументи за сите отворени прашања. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Морам да кажам дека излагањето на министерот Бучковски даде објаснување на неколку прашања кои што јас би сакал и ќе ги продискутирам за време на мојава дискусија.

Прво, денеска ние се уште имаме Влада во оставка, а по скратена постапка треба да се донесе закон кој што е во подготовка веќе една ипол година. Малку ми е чудно самиот начин на брзање за донесување на овој закон . Според тоа, јас би сакал да се осврнам со свое видување исто така како и Владата што работеше со луѓе кои се експерти од таа област, барав адекватно толкување исто од експерти, кои ми го протолкуваа овој закон и јас го поддржувам тој нивни став преточен преку моево излагање. Не држи образложението дека законот треба да се донесе по скратена псотапка, поради одржувањето на Самитот на НАТО во Истамбул во јуни 2004 година. Ако донесувањето на законот се врзува со овој значаен настан за Република Македонија треба да се забележи дека Владата имала доволно време да се подготви за редовна собраниска процедура. Токму со тоа што го предлага во последен час пред одржувањето на Самитот, Владата покажува дека не им обрнува доволно внимание на подготовките што треба да ги изврши нашата држава пред неговото одржување. Да потсетам само иста беше ситуацијата пред Самитот во Солун минатата година кога максимално се ангажиравме сите точно пред самиот Самит со декларации, со настапи , резолуции, со цел Европа да ја убедиме да не земе предвид како можен кандидат.

Покрај тоа, треба да нагласам дека се работи за системски закон со кој се зафаќаат низа суштински прашања, како од безбедноста, така и во политичкиот систем, така што неговото разгледување и усвојување на Собранието бара поопстојна анализа. На предлагањето на законот не му претходеше никаква потемелна собраниска или стручна расправа. Таква расправа несомнено би морала да укажува и да се уважува на неколку моменти.

Прво, дека Република Македонија поминува низ констатно безбедносна криза, која е мошне комплексна. Безбедносната криза, што најопшто може да се одреди како несигурност, нестабилност на институциите на системот, условите за живот, како и што е особено важно несигурност на граѓаните од аспект на нивните слободи и права. Таа е детерминирана со внатрешни и надворешни фактори, економско социјална состојба, слабоста и нелигитимноста на институциите на системот, ниското рамниште на развој на демократските односи, слабата контрола на јавноста

врз носителите на власта, корупцијата, организираниот криминал, надворешните закони за територијалниот интегритет на државата итн.

На донесувањето на законот треба да му претходи, според мене, искрена и отворена расправа за тоа. Зошто Република Македонија се наоѓа во перманентна безбедносна криза, која добива периодични, циклични манифестации. Зошто нејзините граѓани го имаат чувството дека постојано висат над работ на бездната под континуирана закана во целиот период на транзиција дека може да им се случи војна, како што се случи во 2001-та година, поделба на државата итн. На таквата расправа што треба во еден дел да се содржи јасен одговор за причините, карактерот и последиците на вооружениот конфликт во 2001 година, треба да се надоврзе и јасна визија за спречување на идните можни кризни состојби како на глобално ниво и тоа да биде глобална општествена ориентација, а не како прашање за менаџирање со криза од страна на некои државни органи.

Ако се појде од тоа дека безбедносната криза е манифестација на општествена криза, на криза на системот, на неговите институции, на правната држава и владеењето на правото, тешко може да се очекува дека таквите континуирани или очекувани состојби на криза би можеле да се разрешат со еден закон од ваков тип. Да се менаџира кризата без да се пресечат нејзините корени, а тие неможат да се пресечат ако не се проникне во социјално-економските, политичките фактори што емитираат. Ако по пат на длабоки општествени реформи и реформи на државата истите не се елиминираат, значи исто што и на кризата да и се признае легитимитет, мирење со нејзиното продолжување, определба на контролирана кризна ситуација. Таквиот концепт е исклучително опасен за перспективите и за општествениот развиток од повеќе причини, меѓу другот и затоа што врз таквиот концепт се репродуцира неограничена моќ на извршната власт во државата. Илузија е да се очекува, а исто така ако не постои внатрешно единство на системот на безбедност, ако постои паралелизам на институционалното делување , партиско-институционални релации или од еден центар лоциран во Владата ќе може да се контролираат и менаџираат кризите и кризните состојби. Дека може да се воспостави било каков ефикасен систем за превенции и реагирање на кризни состојби , ако се знае дека тие имаат различни причини лоцирани во една широка лепеза од социјално економски до терористички активности или воени закани на безбедноста на државата. Наместо ваков недоволно обмислен концепт, како што се предлага со овој закон, треба да се размисли низ една темелна расправа за сите споменати аспекти за усвојување на законска регулатива за системот на безбедност,

со што ќе се овозможи функционално поврзување на сите механизми што остваруваат заштитна функција во однос на човековите слободи и права и општествените вредности, вклучувајќи ја државата и нејзините функции, претседателот на државата, Владата, Собранието, министерствата за одбрана и за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање, Јавното обвинителство, содовите, инспекциите итн. Таквото единство треба да ги сочува примарните ингеренции и одговорности на сите овие органи во системот на поделба на власта, истовремено да обезбеди хармонично функционирање на сите овие органи кога се работи за заштита на граѓаните и општеството од криминал, корупција, насилство, загадување на животната средина итн. како и за обезбедување услови за стабилност и сигурност на функционирање на сите институции во интерес на граѓаните на нивните слободи и права. Еден таков систем нема ништо заедничко со партиите или политиката на одделни носители на власта, најмалку со извршната власт кон каква што концепција влече овој закон. Транзициониот период покажува дека кризата ги генерира во најголема мера токму извршната власт. Дека е нужно граѓаните во прв ред да се заштита од екцесите од извршната власт, во која е вгнездена корупција и организиран криминал. Според тоа, илузорно е да се предлага и такво сознание привиден систем на функционално единство под капа на извршната влас

Предлог на законот отстапува покрај тоа од уставните решенија во однос на воената состојба, вонредната состојба и вооружените сили , Уставот , имено, како посебни состојби во кои доаѓа до отстапување од определени уставни решенија ги познава само воената состојба член 124 и вонредната состојба член 125. Исто така, Уставот децидирано ја определува положбата и функцијата на вооружените сили, член 122 заштита на територијалниот интегритет и независноста на Републиката. Според тоа, Уставот не познава категорија на кризи и непознава особено учество на АРМ во решавањето на внатрешните кризи. Одтука, Собранието на Република Македонија нема никакво овластување да донесува кпосебен закон за управување со кризи, кој Уставот не го познава. Се она што според идејата на предлагачот на законот би требало да претставува криза е дефинирано во правниот поредок како кривично дело, загрозување на јавниот ред итн. Ставено е со Устав и со Закон во надлежност на определени државни органи кои имаат јасно определени законски овластувања и должности да се генерализираат одделно од тие појави како криза и истото да се стави во надлежност на Извршната власт, значи да се изврши своевиден упад во уставно уредените категории и надлежности на одделните државни органи по системот на поделбата на власта. Поради тоа што не е заснован

врз јасен концепт Законот содржи низа одредби кои неможат да поминат и најобична критика. Така на пример, според член 2 став 2 во Системот за управување со кризи може да учествува и АРМ, што е спротивно на погоре цитираната Уставна одредба, како и на фактот дека според Уставот на АРМ командува единствено претседателот на државата. Во истата одредба, во став 3 е содржана уште пострашна одредба, според која во тој систем може за извршените определени задачи , извршители говориме трговски друштва, јавни претпријатија итн. Оваа формулација потсетува на времињата на диригирана економија или на системот на општествена самозаштита, дотолку повеќе што законот не определува кога, под кои услови некое трговско друштво би можело да се појави во улога на извршител. Истото се однесува и на граѓаните учесници, кои би се појавиле во таква улога секогаш кога некое небулозно владино тело врз основа на сопствена проценка за кризна ситуација ќе издаде некаква наредба. Сето тоа се премногу нејасни одредби кои оставаат простор за недозволени дејствија од страна на телото кое треба да управува со кризата.

Забелешки можат да се упатат на член 3, во кој се определени основните поими, а тоа е очигледно небезбедност исто така да се смета дека безбедноста е загрозена со ризици и опаности по животот и здравјето без да се определат никакви дополнителни квантитативни или квалитативни промени, тоа значи исто што и за кризата и кризната состојба да се прогласи на пример секоја телесна пвореда, секое убиство разбојништво. Не е јасно во истата дефиниција кога загрозувањето на стабилноста е во обем и степен понизок од воена или вонредна состојба. Тоа е формула што му дава право на телото за управување со кризи да може се и сешто да прогласи за загрозување на безбедноста.

Став 4 од истиот член содржи можност за употреба на АРМ што е против уставно решение. Определба од член 4 е сосема бесмислена затоа што не кажува ништо ново што не е определено со Уставот и законите. Во член 5 е содржана организација на системот . Управувачкиот Комитет, член 6 е тело на Владата и истото нема потреба да биде уредено со ваков закон. Владата може да си формира разни тела по својот Деловник. Спорно е во член 7 определувањето надлежност на Владата да донесува одлуки за постоење кризна ситуација. Неможе да се види, имено, какво дејство би имала таквата одлука, освен ако не се мисли на тоа дека Владата во таков случај надвор од другите закони би можел да ограничува слободи и права на граѓаните, да им издава наредби на трговските друштва итн. Но, во тој случај ваквата одредба би била против уставна. Во оваа смисла неуставна е

одредбата од член 8 според која Владата ако по нејзина проценка утврди кризна ситуација, може да им издава наредби на граѓаните, учесниците. Таквото решение е исклучително опасно и е својствено само за системи тоталитарни, затоа што со тоа се отвора клучното прашање, како граѓаните ќе можат да ја контролираат Владата. Дали при прогласувањето на кризнаситуација не се раководи од некои тесни партиски политички или слични интереси.

Бесмислено е и законски да се регулира постоење на група за процена, член 9, тоа е имено метод за координација и внатре во Владата, што не треба да биде предмет за законска регулатива. Тоа може да си го уреди Владата со своја одлука.

Но, најпроблематично решение е основање на центар за управување со кризи, член 11, како самостоен орган на државната управа. Со ваквото решение се врши упад во системот на министерската, ресорска поделба на извршната власт и самостојноста и одговорноста на министерствата за внатрешни работи, за одбрана и други министерства со чија функција се поклопува центарот.

Според член 27, излегува дека овој центар не е само центар за известување или координација, туку донесува и одлуки за употреба на ресурсите, што е уште една потврда за системското изместување на функциите и одговорностите на надлежните државни органи.

И останатите одредби, особено тие за употребата на АРМ, член 30, се противуставни.

Заклучок:

Се наведува дека Буџетот на Република Македонија, и така тенок, има да биде оптоварен. Не може со ваквo гломазно тело да не очекуваме да биде додатно оптоварување на и така тенкиот буџет. Меѓутоа, сметам дека многу работи сме издржале, па ќе го издржиме и ова.

Како заклучок, сакам да го кажам следново, поради изложените принципиелни и легислативни пропусти, законот би требало да се повлече од процедура, да се изработи нов, поквалитетен, што во рамките на ингеренциите на Владата би се однесувал на системот на информирање, тревожење и координирање на надлежните органи во спречување и реакција на различните масовни или потешки облици на загрозување на човековите слободи и права, на безбедносниот систем во целина. Самиот систем на безбедност треба да се регулира со посебен закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, збор има министерот за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Не верував дека толку брзо ќе мора да одговорам со аргументи на дел од констатациите на пратениците, но бидејќи почитуваниот пратеник Костовски изрече тешки квалификации воопшто за Република Македонија, за подготвеноста на Владата, за Истамбиулскиот самит, заради заложбите да се промовира неограничена моќ на извршната власт, а бидејќи дел од овие квалификации ги слушнав, само сега од неговата уста, затоа прдизвикаа кај мене ваква реакција и се дел од експертите кои, за жал, имаа можност сите овие работи да ги кажат на бројните трибини што беа организирани, кои ги знаеме кои се, јас во секој случај немам намера да се мешам во начинот како дел од пратениците се организираат за своите настапи, но мислам дека беа употребени пресилни зборови од пратеникот за материја што доволно ја познава. Мислам дека, кога ќе ги слушне другите аргументи во текот на расправата, веројатно на крајот ќе посака уште еднаш да се јави затоа што ова е само една страна на вистината, гледана со очите или пишувана преку перата само на еден од експертите кои ги има Република Македонија.

Не би сакал повеќе да должам, но во секој случај, во сите аргументи што беа спомнати на почетокот, не беше спомнато ниту еден момент дека на овој начин Владата или било кој сака за себе да пригграби неограничена моќ. Туку напротв, да се направи подобра координација, пред се на разузнавачките и безбедносните структури, координација што во овој момент недостасува и во системот на Власта што е воспоставен кај нас преку поделбата на власта и системот на контролата никој, на почетокот спомнав, не ја одзема улогата што ја има Парламентот, врз основа на известувањето што ќе го добие дека Владата прогласила криза ситуација, да реагира, да го преоцени тоа или да оцени дека тоа не е состојба на криза, туку нешто повеќе, воена или вонредна состојба.

Во секој случај, треба и нашите експерти, и ние, кога говориме, да се сетиме на 2001 година кога во еден критичен момент ја имаше, иако немаме запишано некои правила, Парламентот таа можност да управува со кризата или да ја превенира. Но, за жал, се покажа на таа криза, Македонија гради автентичен модел. Реков, не може ние да го пресликаме британскиот или американскиот модел. Мора да респектираме дека секогаш овој Парламент, барем во блиска иднина, околу прашања што се криза, што произлегуваат од меѓуетничките односи, тешко ќе се најде двотретинско мнозинство, затоа што секогаш ќе има впечаток едната или другата страна дека некој, прогласувајќи воена состојба, па дури и состојба на криза,

сака да ја злоупотребува или употребува поинаку Армијата, надвор од уставните решенија.

Инаку, ако внимателно се чита Уставот и ако внимателно се гледа улогата на Армијата во изминатиот период, ќе видите неколку ситации кои во секој случај не може да го издржат теретот дали се уставно дозволени, а беше Армијата употребувана и вон законските и уставните рамки кога беше справувањето со поплавите што беа пред година ипол - две во Велешкиот дел, кога немаше прогласено вонредна состојба. Тоа беше директен показател дека мора, иако немаме основ, некогаш, заради опасноста што може да биде таква ако не се реагира веднаш, последиците да бидат многу покрупни, да се има изградено регулатива што ќе дозволи употреба на Армијата за справување, управување со кризите.

Криза, овде веќе гледате не значи секогаш употреба или злоупотреба на инструментите на власта за пресметување со политичките неистомисленици. Туку значи справување со такви ситуации кои можат да предизвикаат несразмерна штета ако на време не се реагира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски, а нека се подготви господинот Коце Трајановски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прво, господине претседателе, гледам дека е 8 минути до 17 часот...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали ќе можете во ова време до 17,00 часот да се искажете, ако не да му дозволите на дискутантот после вас да зборува?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не знам кој е после мене пријавен, ако има помала дискусија, би му отстапил.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие сте на ред. Ако се откажувате од дискусијата...

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не се откажувам од дискусијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски дали вие до 17,00 часот можете да се искажете?

(Пратеникот Коце Трајановски се изјаснува дека неговата дискусија би траела подолго).

Вие почнете господине Мавровски, до 17,00 ќе работиме, во 17,00 ќе прекинеме.

Повелете господине Мавровски, почнете.

(Реакција од пратениците).

Или се согласувате тука да прекинеме, не ја затварам расправата по точката, ќе продолжиме во петок.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека е така најдобро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да ве известам дека утре предпладне, пред паузата имаме седница, вонредна, итна каде што на дневен ред е Предлог на одлука за испраќање единица на Армијата на Република Македонија  за учество во Мировната операција во Ирак. Се надевам дека кворумот ќе го имаме. Нормално, ќе почнеме во 10,00 часот.

Потоа, попладне имаме свечена седница на која што во 16,15 часот ќе настапи Генералниот секретар на НАТО.

Ве молам за ваше присуство и на таа седница.

Со ова ја прекинуам работата на оваа сесија, а продолжуваме со истава седница во петок во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот).